ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13-184/8**

**Дата: 25.03.2011**

**ДО**
**МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ НА ОПШТИНА ОХРИД И СТРУГА И ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ПРОАКВА СТРУГА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Меѓуопштинското јавното претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро Проаква Струга (во понатамошниот текст јавното претпријатие) за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2001 година, издадено е мислење со резерва и дадени се 3 препораки.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека се превземени мерки по дадените препораки.

На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни документи кои ќе претставуваат достатни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење за финансиските извештаи. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на МЈП Проаква Струга на ден 31 декември 2009 година.

Изразено е негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

Со извршената ревизија констатирано е дека јавното претпријатие не располага со уредни и веродостојни документи за потврдување на евидентираните градежни објекти.

Во известувачкиот период не се превземени активности за вредносно усогласување на сомнителните и спорните побарувања кое предизвикува намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

МЈП Проаква располага со материјални средства во подготовка во износ од 1.218.404 илјади денари за кои претпријатието не располга со уредни и веродостојни документи за нивното потврдување, потврдување на степенот на изграденост и обезбедување на одобрение за нивна употреба.

Констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки и несоодветна примена на одредбите на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност во делот на исплата на средствата за вработените за кои престанала потребата од нивно понатамошно ангажирање во претпријатието поради економски, технолошки, структурални и слични промени.

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие потребно е да превземат активности за обезбедување на уредни и веродостојни документи за потврдување на материјалните средства, обезбедување на потребните одобренија за употреба и нивно соодветно евидентирање во трговските книги.

Во финансиските извештаи на јавното претпријатие со известувачкиот период искажани се повеќе обврски на име користени кредити и камати кои биле потребни за изградба на инфраструктурата потребна за извршување на дејноста на претпријатието и заштита на Охридското езеро, чие извршување било доверено на одредени конзорциуми за чие постапување надлежните органи за раководење и управување на претпријатието имаат сериозни забелешки и воедно ги известиле надлежните органи.

МЈП Проаква Струга е тужена страна во повеќе предмети за неподмирени обврски, а имајќи ја нивната висина и висината на евентуалните пресметани камати и досудени трошоци во постапката ќе предизвика влошување на ликвидноста и солветноста на претпријатието.

Од страна на законскиот застапник на јавното претпријатие добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и истите не ги прифати.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 30 до 33) заедно со ревизија на усогласеност на Меѓуопштинското јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга и заштита на Охридското езеро Проаква Струга за 2009 година кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промените во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2001 година на Меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква Струга и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Бранислав Трпчески ВД директор во период од 17.01.2007 до 17.09.2009 година, а од 18.09.2009 година, директор;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква Струга се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Евиденцијата на градежните објекти и материјалните средства во подготовка не е поткрепена со соодветни релеватни ревизорски докази поради што ревизијата не е во состојба да ја потврди реалната вредност на истите искажани во финансиските извештаи.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.08.2010 до 19.11.2010 година кај Меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква Струга од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2001 година.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека се превземени мерки по дадените препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 23.12.2010 година.

На ден 10.02.2011 година со писмо број 03-87/4 примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-184/1 од 14.01.2011 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се

презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Надлежните органи за раководење со јавното претпријатие во 2009 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите за кои е формирано претпријатието.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење на јавното претпријатие да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање.

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека воспоставените контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола) не секогаш обезбедуваат почитување на потребните процедури односно не секогаш се превземени потребните активности, со што не секогаш се избегнува односно намалува ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна

финансиска контрола. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Јавното претпријатие искажува трошоци на име потрошени горива и масла во износ од 5.716 илјади денари. Со извршената ревизија на начинот на потврдување на потрошувачката на истите ревизијата констатира дека истата се врши без уредна и веродостојна документација односно не секогаш потрошувачката на нафтените деривати се оправдува/потврдува со уредно потполнет и одобрен патен налог со кој ќе се потврди релацијата, активноста и бројот на поминати километри. Утврдената состојба не е во согласност со член 472 од Законот за трговските друштва и предизвикува неможност од потврдување на наменското користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на јавното претпријатие да превземат активности за пропишување на процедури за начинот на користење на службените возила.

4.2.2. На 08.07.2008 година склучена е Спогодба за регулирање на меѓусебните побарувања и долгувања помеѓу МЈП Проаква Струга и АД Илинден Струга. Врз основа на оваа Спогодба на 08.07.2008 година Склучен е Договор за отстапување на побарување заверен кај Нотар на 16.07.2008 година. На 30.01.2009 година склучен е Анекс на истиот. Според Договорот и неговиот Анекс предмет на договорот е регулирање на правата и обврските на договорните страни во врска со меѓусебните побарувања и обврски. Согласно член 2 од истиот МЈП Проаква Струга е согласна своите обврски кон АД Илинден Струга да ги подмири на начин што ќе му отстапи на АД Илинден недвижен имот кој се состои од Ресторан за општествена исхрана, кујна за приготвување на храна со помошни простории, комори, магацински простор и друго во вкупна вредност од 25.854 илјади денари. Истиот простор МЈП Проаква Струга го има добиено по решението на Судот И.бр.3992/04 од 13.07.2007 година и И.бр. 3992/4 од 15.12.2008

година од должникот АД Отекс Охрид. Меѓутоа со увид во сметководствената евиденција е констатирано дека обврските спрема АД Илинден Струга за износ од 2.527 илјади денари се евидентирани во 2007 година, а остатокот од обврските во износ од 23.326 илјади денари се евидентирани на 06.02.2009 година, односно по склучување на спогодбата, а се со датум од 2005 и 2007 година, односно во период кога од страна на АД Илинден се изведувале градежни работи по МЕАП проектот финансиран од кредит и грант опишани во точка 6.1 од овој Извештај. Побарувањата од АД Илинден наведени во Спогодбата во износ од 25.854 илјади денари не се евидентирани во сметководствената евиденција на МЈП Проаква Струга, не е извршено фактурирање за извршената продажба/компензација за наведениот недвижен имот а со тоа не е создадена и обврска за данок на додадена вредност во износ од 3.944 илјади денари.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 472 од Законот за трговски друштва и член 52 од Законот за додадена вредност и има за ефект потценување на обврските за ДДВ, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информации кои ги даваат истите.

**Коментар на субјектот**

Извршени се градежни работи од страна на правниот субјект, поради што тој поднесе две тужбени барања за наплата на своите побарувања. Во истиот временски период од наша страна се водеше извршна постапка за наплата на наше побарување од друг правен субјект. Во ваква состојба двете претпријатија пристапија кон склучување на спогодба за отстапување на нашите побарувања на правниот субјект кој не тужеше. На тој начин правниот субјект станува сопственик на погоренаведениот имот, го плаќа данокот на промет на недвижности и од тие причини немаше потреба да изготвиме фактура.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие да пропишат политики за начинот на евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги и ги задолжат вработените настанатите промени да се евидентираат навремено и хронолошки.

4.2.3. Во финансиските извештаи на јавното претпријатие искажани се материјални средства (градежни објекти од нискоградба, високоградба и останати градежни објекти) чија сегашна вредност изнесува 505.035 илјади денари. За евидентираните градежни објекти на ревизијата не и беа ставени на увид соодветни релевантни ревизорски докази со кои може да се констатира дали имотот кој е евидентиран во сметководствената евиденција е во целосна сопственост на "МЈП Проаква Струга". Ненавременото превземање активности за задолжително запишување на правото на користење, управување и располагање со недвижности во јавната книга не е во согласност со Законот за сопственост и други стварни права и Закон за катастар на недвижности. Утврдената состојба влијае на ограничување на делокругот на ревизијата и неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци за материјални средства во Билансот на состојба.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување со јавното претпријатие да ги превземат потребните мерки и ги задолжат соодветните служби во претпријатието во соработка со основачите да ги обезбедат потребните документи за докажување на сопственоста на градежните објекти и обезбедат нивно упишување во јавната книга.

4.2.4. Во сметководствената евиденција на работната единица Водовод Охрид во текот на 2009 година се сторнирани побарувања од купувачи во вкупен износ од 4.721 илјади денари, кои во најголем дел се однесуваат за дефект на водомер. Сторнирањата се извршени врз основа на Приговор од корисникот дека настанал дефект на инсталација „после водомер", издаден заклучок од комисијата која е составена од контролорите или инкасаторите и книжно одобрение потпишано од раководителот на наплатна служба. Оваа постапка е уредена со акт донесен од директорот на претпријатието во текот на 2005 година со кој меѓудругото е уредено дека за вакивте случаи од страна на директорот ќе се формира комисија од стручни лица која ќе изврши увид и ќе донесе предлог решение. Меѓутоа од 2005 година, па се до 27.09.2010 годинане не е формирана таква комисија, а сторнирањата се вршени врз основа на претходно споменатата

документација. Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите на член 472 од Законот за трговски друштва. Утврдената состојба создава можност за нереално утврдување на фактичката состојба и потценување на приходите на претпријатието и можност од материјална корист на поединци.

На 27.09. 2010 година Управниот одбор на МЈП Проаква Струга донел: Одлука за начинот и постапката за определување наплата на услуги по поднесени пријави и приговори од корисници за дефект на водомер и после водомери, Одлука за формирање на комисија а во тек е и формирањето на наведената комисија поради што ревизијата не дава препорака.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Не се превземени активности за правилно применување на утврдените барања согласно Правилникот за водење на сметководството, Меѓународен сметководствен стандард МСС 39, финансиски инструменти: признавање и мерење точка 35 и точка 85 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување, за начинот на признавање и депризнавање (вредносно усогласување) на краткорочните побарувања во финансиските извештаи. Наведените одредби бараат „претпријатието да изврши депризнавање/усогласување на побарувањата во услови кога ја губи контролата над истите" односно е уредена веројатноста на идни економски користи, при што во услови на неизвесност на побарувањата, истите се признаваат како расход кој претставува очекувано намалување на идните економски користи. Со состојба на 31.12.2009 година МЈП Проаква Струга од вкупно искажаните побарувања во износ од 421.900 илјади денари по горенаведениот основ не извршила вредносно усогласување на побарувања во износ од 251.772 илјади денари и тоа за Работните единици:

- Водовод – Охрид од вкупно евидентираните побарувања во износ од 295.518 илјади денари не е извршено вредносно усогласување на побарувања во износ од 161.124 илјади денари што претставува 55% од евидентираните побарувања.
- Водовод и канализација – Струга од вкупно евидентираните побарувања во износ од 125.901 илјади денари не е извршено

вредносно усогласување на побарувања во износ од 90.167 илјади денари и

- Колектор – Струга вкупните побарувања во износ од 481 илјади денари се застарени и не е извршено нивно вредносно усогласување.

Непревземањето на потребните активности за усогласување на тужените/сомнителните и спорни побарувања во вкупен износ од 251.772 илјади денари и нивно соодветно евидентирање/ вредносно усогласување, предизвикува нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие континуирано да ја следат состојбата на ненаплатените побарувања и по потреба (покрај комисијата за попис) да формираат комисија која ќе ја утврди фактичката состојба на наведените побарувања, ќе изготви извештај и предложи мерки за начинот на постапување и нивно отпишување.

4.3.2. Со увид во сметководствената евиденција за Работната единица Водовод – Охрид е констатирано неусогласување помеѓу вредностите на побарувањата од купувачи искажани во аналитичката и синтетичката евиденција. Во синтетичката евиденција вредноста на побарувањата од купувачи изнесува 295.518 денари, додека во аналитичката евиденција вредноста на побарувањата од купувачите изнесува 286.876 илјади денари со што синтетичката евиденција е поголема за износ од 8.642 илјади денари. Причините за неусогласувањето ниту го нотирала ниту го испитала пописната комисија која била задолжена за попис на побарувањата со состојба на 31.12.2009 година. Неусогласеноста на сметководствената евиденција не е во согласност со одредбите на член 472 од Законот за трговските друштва. Утврдената состојба има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните побарувања од купувачите и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информации кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да формираат комисија која ќе го испита основот за неусогласеноста на аналитичката и синтетичката евиденција и предложи соодветни мерки за нивно усогласување.

4.3.3. Во финансиските извештаи на јавното претпријатие со состојба 31.12.2009 година на позицијата материјални средства во подготовка искажани се средства во износ 1.218.404 илјади денари. Нивното финансирање е извршено од различни извори на финансирање и тоа: донации во форма на грант од повеќе донатори (држави), заем од ЕБРД, грант од Општина Охрид и Општина Струга и сопствено учество на МЈП Проаква. Структурата на материјалните средства во подготовка е како што следува:

- Инвестиции по Акциона програма за унапредување на општините и животната средина/МЕАП - Проект за водоснабдување на Охрид и Струга во износ од 516.600 илјади денари. Проект договорот е финансиран со донација на Германската Влада на Владата на РМ со средства на KfW банката во форма на грант за водоснабдување Струга - ЛОТ 1 и за водоснабдување Охрид - ЛОТ 2 склучен е договор за заем ЕБРД за кој има донесено посебен закон за задолжување;
- Инвестиции согласно проектот за заштита на животната средина на Охридско Езеро/канализационен проект во износ од 632.476 илјади денари финансиран со донација на Германската Влада на Владата на РМ со средства на KfW банката во форма на грант;
- Инвестиции во Горна Белица во износ од 31.471 илјади денари кои потекнуваат од 1995 година се однесуваат на проект за водоснабдување Струга;
- Инвестиции во тек за Рехабилитација на пумпните станици на Охридското Езеро – Втора Фаза со средства од донацијата на Швајцарската Влада на Владата на Република Македонија во форма на грант евидентирано како материјални средства во подготовка во износ од 4.478 илјади денари;
- Инвестиции во водоводна и канализациона мрежа на Општина Охрид во износ од 23.401 илјади денари;
- Инвестиции во водоводна и канализациона мрежа на Општина Струга во износ од 9.978 илјади денари;

Со извршената ревизија на документите кои беа презентирани за погоренаведените материјални средства, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Евидентираниот износ за МЕАП проектот на сметката инвестиции во тек е износот кој е платен а за истиот не ни е презентиран релевантен и достатен ревизорски доказ дека работите кои се фактурирани реално се извршени. Имено не ни се презентирани: завршните ситуации од страна на изведувачот; уредни и веродостојни документи дека тоа што е фактурирано реално е извршено; уредни и веродостојни документи за потврдување на содржината на примените фактури (градежни книги, доказ за испорачани материјали и сл). Потписот на консултантот на фактурите кој е задолжен за надзор на проектот е единствен доказ дека работата е извршена. Консултантот, задолжен за надзор на работите на проектот има доставено сертификати за завршеток на работите т.е. преземање на инвестицијата и тоа за ЛОТ 1 Струга на 13.12.2005 година, а за ЛОТ 2 Охрид на 23.03.2006 година. Со сертификатот потврдено е дека работите се во главно завршени но наведено е дека истиот нема да се користи како потврда дека работите се извршени во секој поглед. Во Април 2007 година издаден е завршниот извештај од консултантите. **МЈП Проаква истите не ги признава.**

  МЈП Проаква Струга до надлежните институции во земјава, финансиерите на овој проект (KFW банката - грант и ЕБРД - кредит) и консултантот во цел овој период има доставено повеќе дописи за недостатоците на МЕАП Проектот за водоснабдување на Струга (Лот 1) и водоснабдување Охрид (Лот 2).

  На крајот на 2008 година за потврдување на сомневањата во начинот и квалитетот на извршените работи МЈП Проаква Струга склучила договор за ревизија - експертиза за спроведување на МЕАП - Проектот за водоснабдување на Охрид и Струга со Технички Факултет Битола. Притоа основна цел на експертизата – ревизијата е да се утврди:

- колкав дел од проектот е реализиран односно дали проектот е комплетиран и кои се отстапките од Главниот Проект;
- да се изврши анализа на техничките карактеристики на опремата и вградените материјали (параметри, димензии, квалитет и сл.);

- и да се даде предлог за разрешување на евентуално утврдени правни и технички проблеми по извршената анализа.

Со извршената експертиза од страна на Технички факултет утврдени се поголем број на технички недостатоци на проектот и недостатоци во однос на финансискиот дел (детално опишани во точка 6.2).

- До денот на ревизијата, МЕАП проект финансиски е реализиран а завршните ситуации за ЛОТ 1 и 2 се евидентирани и платени во 2007година, но формално правно не е започната постапката за технички прием и добивање на одобрение за употреба. Утврдената состојба предизвикува неможност да се обезбеди разумно уверување за реално и објективно презентирање на инвестициите за МЕАП проектот во износ 516.600 илјади денари во финансиските извештаи.
- За материјалните средства во износ од 632.476 илјади денари на ревизијата не и е презентирани завршна ситуација од изведувачот и договор со изведувачот. Во текот на 2006 година извршено е плаќање на финалната систуација од страна на банката имплементатор на проект кон правниот субјект изведувач на работите. Материјалните средства (инвестиции во тек) се користат но формално правно не е извршен технички прием и не е презентиран акт од надлежните органи/одобрение за употреба на објектот.
- Евидентираните инвестиции во Горна Белица во износ од 31.471 илјади денари според информациите од јавното претпријатие потекнуваат од 1995 и истите се однесуваат за водоснабдување на општина Струга. За истите на ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни документи за степенот на нивната завршеност и третманот на истите во понатамошниот период;
- За евидентираните инвестиции во тек во водоводна и канализациона мрежа во општина Охрид во износ од 23.401 илјади денари ревизијата нема разумно уверување дали истите се завршени, во која фаза се и дали е потребно да се изврши исправка.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва и Законот за градење и предизвикува ограничување на делокругот на ревизијата, неможност за потврдување на искажаните материјални средства и можност од нанесена штета за несоодветно изведени работи.

По одржувањето на завршниот состанок а пред издавањето на ревизорскиот извештај од страна на законскиот застапник на претпријатието доставени се документи од кои може да се констатира дека Јавното претпријатие се обратило до надлежното министерство и до градоначалниците на општина Охрид и Струга за превземање на потребните мерки и активности за обезбедување на потребните акти/одобренија за употреба на одредени градежни објекти.

**Препорака**

Надлежните органи во МЈП Проаква Струга во соработка со основачите и надлежните државни органи да ја испитаат и утврдат одговорноста на инволвираните страни за утврдените недоследности со извршената експертиза од страна на техничкиот фактултет Битола.

Надлежните органи во МЈП Проаква Струга во соработка со Министерството за Транспорт и врски да преземат мерки и активности за технички прием на инвестицијата МЕАП проектот и Канализациониот Проект и добивање на одобрение за употреба за истите.

Надлежните органи да преземат активности за формирање на пописна комисија која ќе ја утврди фактичката состојба на материјалните средства во подготовка, изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и предложи мерки за нивно реално и објективно презентирање на финансиските извештаи .

4.3.4. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 41 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 15 одговори, што претставува 37% од вкупно испратените, од кои 8 се потврдени односно 53% од пристигнатите а 7 не се потврдени односно 47%, додека 26 воопшто не одговорија што претставува 63% од испратените конфирмации, што оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на јавното претпријатие да пропишат политики и обезбедат нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (комитентите).

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Јавното претпријатие во известувачкиот период пристапило кон доделување на договори за јавни набавки на стоки, услуги и работи, во вкупна вредност од 184.683 илјади денари чија реализација заклучно со 31.12.2009 година изнесува 17.311 илјади денари. Во известувачкиот период извршена е реализација на договорите за јавни набавки од претходниот период во износ од 29.976 илјади денари. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, ревизијата ги утврди подолунаведените состојби и тоа:

- за извршените јавни набавки (работи и стоки) во 2008 и 2009 година чија реализација е во 2009 година, донесени се повеќе одлуки за јавни набавки чија вкупна вредност изнесува 46.400 илјади денари, за кои се доделени и склучени договори за јавна набавка во износ од 170.426 илјади денари а нивната реализација изнесува 13.407 илјади денари (прилог број 1).

Утврдената состојба упатува дека:

- јавното претпријатие не воспоставило контролни активности во делот на усогласување на склучените договори со одлуката за јавна набавка и планираниот износ за набавката во Планот за јавни набавки, односно вредноста на склучените договори ги надминуваат вредностите утврдени во одлуката за јавна набавка и планот за јавни набавки;
- јавното претпријатие не бара гаранции за квалитетно извршување на договорот;
- склучените договори за јавни набавки, се реализираат во износи далеку помали од износите одредени во договорите, и
- во договорите за јавни набавки не е наведена одредба која ќе упатува дека вкупната вредност и вкупната количина не се задолжителни во целост да се реализираат во текот на времетраењето на важноста на договорите.

За дел од спроведените постапки за јавни набавки чија реализација изнесува 15.991 илјада денари (преглед број 2 во износ од 10.467 илјади денари и преглед број 3 во износ од 5.524 илјади денари) не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради тоа што:

- Годишниот план за јавни набавки за 2008 година не содржи проценета вредност на договорот;
- не е извршена измена или дополнување на Годишните планови за јавни набавки за 2008 и 2009 година, во делот на надминување на износите утврдени во планот за јавни набавки и за дел од јавните набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка;
- не се врши евалуација на понуди во согласност со тендерската документација.

Извршени се набавка на стоки (хардвер и софтвер), услуги (обезбедување на водомери) и работи (машински ископ и асфалтирање) во вкупен износ од 1.931 илјади денари, без да се спроведе постапка за јавна набавка (прилог број 4).

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 26 ставовите 1 и 3 и со одредбите од член 140 во врска со член 129 став 1 од Законот за јавни набавки, член 10 од Законот за облигациони односи и член 3 од Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки.

Несоодветното планирање на вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи во тековната година и неусогласеноста со вкупните вредности во договорите за јавни набавки, предвизикува ризик од несоодветно и реално планирање на вкупните потреби за работи, стоки и услуги во тековната година, и неможност од реално планирање на вкупните средства за реализација на утврдените/планираните потреби. Во исто време утврдената состојба предизвикува можност за необезбедување на основните принципи во постапките за доделувањето на договорите за јавни набавки односно обезбедување на фер конкуренција меѓу економските оператори, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките и можност од нанесување штети за набавка на стоки кои се над реалните потреби на претпријатието.

**Препорака:**

Одговорното лице на договорниот орган да превземе мерки за пропишување на процедури за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавните набавки и воспоставување на контроли за нивно следење како и следење на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

4.4.2. Во известувачкиот период надлежните органи за управување со јавното претпријатие донесуваат: Анализа на состојбата во МЈП Проаква Струга; Информација за воведување економски, технолошки и структурални промени во МЈП Проаква Струга; План за воведување на економски, технолошки и структурални промени во МЈП Проаква Струга и Програма за утврдување на потребите од воведување на економски, технолошки и структурални промени во работењето, со мерки за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата во МЈП Проаква Струга. Со наведените акти се опфатени вкупно 36 вработени за кои се донесени соодветни одлуки и склучени се договори за исплата на надоместок по овој основ.

Со извршената ревизија на наведените документи и извршените исплати по овој основ ревизијата ги констатира следните состојби:

- Од вкупно наведениот број на вработени 8 вработени се од Работната единица Водовод и канализација Струга, за кои ревизијата не утврди недоследности за начинот на исплата на потребните средства на име испратнина поради откажување на договорот за вработување од деловни причини, освен за висината на испратнина која е во рамките на утврдените права со Колективниот договор на ниво на работодавач, кој колективен договор дава повисоки права од Колективниот договор за комуналните дејности на Република Македонија и Законот за работни односи;
- За преостанатите 28 вработени од кои 22 вработени се од Работна единица Водовод Охрид и 6 вработени од работна единица Колектор Струга пристапено на име испратнина заради остварување на право на пензија им се исплаќаат три просечни месечни плати исплатени во Републиката во претходните три месеци или просечна исплатена плата која е поповолна за работникот; сукцесивен месечен надоместок за разликата од надоместокот што работникот ќе го остварува од Агенцијата за вработување на Република Македонија до

височината на платата што би му се исплатувала на работникот доколку би бил во редовен работен однос, што не е во согласност со одредбите на член 97 од Законот за работни односи, член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија и член 68 од Законот за вработувања и осигурувања во случај на невработеност.

- Не се превземени активности за воведување во евиденција на обврските на име испратнина поради откажување на договорот за вработување од деловни причини во моментот на нивното настанување во износ од 14.804 илјади денари. Воведена е пракса при секоја исплата да се евидентираат само исплатените средства а не вкупно настанатите обврски. На крајот на известувачкиот период не се евидентирани обврски во износ од 13.148 илјади денари. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 472 од Законот за трговските друштва и Правилникот за водењето на сметководство.

Ваквата состојба предизвикува јавното претпријатие да прифати да се одлеваат дел од средствата на претпријатието на име покривање на одредени надоместоци на вработените и покрај тоа што нема законска обврска за тоа и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информации кои ги даваат истите.

По одржувањето на завршниот состанок а пред издавањето на ревизорскиот извештај од страна на законскиот застапник на претпријатието доставени се повеќе документи меѓу кои и Одлука за измена и дополнување на одлуката број 02-1290/3 за престанок на работен однос со отказ поради, економски, технолошки и структурални промени во работењето на МЈП Проаква – Струга, со која утврдената состојба во делот на сукцесивниот надоместок до висината на платата која би ја примал вработениот кога би бил на работа се надминува.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење на јавното претпријатие да ги задолжи лицата одговорни за водење на деловните книги да извршат проценување и воведување на обврските по основ на економски, технолошки и структурални промени.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.3.; 4.3.1.; 4.3.3. и 4.4.2. е: неможност за потврдување на реалноста и веродостојноста на презентираните податоци во финансиските извештаи за градежните објекти во износ од 505.035 илјади денари и материјални средства во подготовка во износ од 1.218.404 илјади денари; не извршено вредносно усогласување на сомнителните и спорните побарувања во износ од 251.772 илјади денари и неискажани обврски во износ од 13.148 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.3. и 4.3.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга и заштита на Охридско езеро Проаква Струга на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1.; 4.2.4.; 4.3.1.; 4.4.1. и 4.4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга и заштита на Охридско езеро Проаква Струга не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Во Проект договорот по програмата за комунална и еколошка инфраструктура помеѓу МЈП Проаква , Општините Охрид и Струга и ЕБРД банката утврдено е финансирањето на водоснабдување на Општина Струга со средства од грантот и финасирање на Општина Охрид со средства од ЕБРД кредитот. На Проект договорот претходи Договор за заем и подоговор за кредит со донесен закон за задолжување на РМ. Проектот за водоснадбување Струга (ЛОТ 1) е финансирано со средства од грантот во износ 5.112.918 евра додека

водоснабдувањето на Охрид (ЛОТ 2) во износ од 3.790.000 евра се финансира со средства од ЕБРД кредитот.

По МЕАП Проектот во 2002 година склучени се договори за изведбени работи со конзорциумот од Емит/ БЕБ/ АД Илинден од Струга за водоснабдување на Струга (ЛОТ 1) и водоснабдување на Охрид (ЛОТ 2 ) и тоа: договор за ЛОТ 1 Струга на износ од 3.165.922 евра финансиран со средства од грантот на KfW банката и договорот за ЛОТ 2 Охрид на износ од 2.870.153 евра финасиран со кредит од ЕБРД .

Во МЈП Проаква во 2009 година евидентирани се обврски кон АД Илинден Струга за ЛОТ 1 на износ од 23.143 илјади денари Износот од 20.865 илјади денари или 339.754 евра евидентиран во тековната година како инвестиции во тек се однесува за инвестиции за ЛОТ 1 Струга и тоа по:

- Фактура - ИПЦ 17 од 23.11.2005г. на износ од 155.069 евра одобрена од страна на поранешниот директор на МЈП Проаква, и за истата на 24.11.2005 доставен е допис до KFW банката за исплата со средствата на грантот. Фактурата е евидентирана и платена во 2009 година .
- Од страна на конзорциумот на 18.01.2007 доставено е барање за враќање на 50% од ретенционата квота на износ од 79.148 евра, истото не е одобрено од овластеното лице на МЈП Проаква. Во 2009 повторно е доставено барање до МЈП Проаква за ослободување на депозитот и истото е евидентирано и платено во 2009 година.
- Финална ситуација за ЛОТ 1 од 14.11.2007 на износ од 105.536 евра е одобрена од страна на консултантите и изведувачот но не и од одговорното лице на МЈП Проаква. На 06.02.2009 повторно е доставена е фактура од АД Илинден Струга на износ од 105.536 евра без ДДВ по финална ситуација која е платена и евидентирана во 2009 година.
- Остатокот во износ од 2.278 илјади денари се обврски кон ГП Илинден Струга за ДДВ согласно условите од договорот кои не се платени и камата за ненавремено плаќање на ДДВ.

Изведувачките работи за ЛОТ 1 Струга се финасирани со средства на грантот на KFW банката. Од увидот во последниот извод на KFW банката архивски заверен на 17.09.2007 година констатирано е дека од грантот остануваат неискористени средства во износ од 606.041 евра. Доколку евидентираните инвестиции во 2009 се признаеле во периодот кога се однесуваат 2005 – 2007 година, односно доколку

фактурите биле доставени до KFW банката истите би требало да бидат платени со средствата од грантот од страна на KFW банката. На ревизијата не и се доставија уредни, веродостојни и соодветни докази дали погоренаведените фактури се доставени; дали се платени од страна на KFW банката и причините за недоставување или неплаќање.

На ревизијата не и е доставен делот од договорот каде се дефинирани правата и обврските на работодавецот и изведувачот кои произлегуваат во делот Услови на договорот. Поради сето горенаведено ревизијата не може да добие разумно уверување за признаените обврски во 2009 од страна на МЈП Проаква Струга кон АД Илинден а се однесуваат за период 2005 - 2007 година и за кој во тој период постојат неискористени средства од грантот.

Вкупната реализација на договорот за ЛОТ 1 заклучно со 21.08.2007 изнесува 3.167.148 евра. Во 2009 со дополнително признавање на обврските на износ од 339.754 евра реализација на договорот е поголема за износот на признаената обврска во 2009 година од страна на МЈП Проаква.

За ЛОТ 2 Охрид реализацијата на договорот изнесува 3.242.762 евра или 372.609 евра повеќе од вредноста на договорот со средства на ЕБРД кредитот. Вредноста на договорите со изведувачите вкупно изнесуваа 6.035.830 евра, цената на понудата според податокот во завршниот извештај на консултантите изнесува 5.970.123 евра. До денот на ревизијата на изведувачот ЕМИТ/БеБ/Илинден евидентирани и исплатени се вкупно по двата договори средства во износ од 6.749.663 евра или повисок износ од договорената сума за 713.813 евра и тоа 339.754 евра за ЛОТ 1 платени со средства на МЈП Проаква и 372.609 евра за ЛОТ 2 платени со средства на ЕБРД кредитот.

6.2. На 22.12.2008 година склучен е Договор заведен под број 03-4896 за ревизија – експертиза за спроведување на МЕАП проектот за водоснабдување на Охрид и Струга помеѓу Проаква и Техничкиот факултет од Битола. Предмет на Договорот е изработка ревизија – експертиза за правното, финансиското и техничкото спроведување на МЕАП проектот за водоснабдување на Охрид и Струга кој е финансиран од грантови - средства на KWF и средства од ЕБРД. Постапувајќи по договорот Техничкиот факултет од Битола изработил ревизија – експертиза при што констатирал слабости и тоа:

Во техничкиот дел ревизија – експертиза анализирана е сета техничка документација која е ставена на располагање. Особено анализиран е Главниот проект и извршена е споредбена анализа помеѓу Главниот Проект и Проектот на изведена состојба. Исто така утврдено е колкав дел од проектот е реализиран, односно кои се отстапките при изведба на работите на работите од главниот проект. Извршена е анализа на техничките карактеристики на опрема и вградени материјали како и увид во состојбата на објектите и локациите. Според документацијата за извршени интервенции и според искуствени сознанија во МЈП Проаква набележани се постоечки технички проблеми при екплоатација на изведените објекти. Главни заклучоци од технички аспект се :

- Од Извршното тело за имплементација на проектот (РЕА) во рамките на МЈП Проаква требало да се назначи член од редовите на персоналот со кого консулатнтот би имал обврска да соработува. Иако не е наведено кој би требало да ги ангажира наведените консултанти, доколку биле ангажирани би придонеле во поквалитетна имплементација на Проектот. Поставеноста на РЕА е на ниво на давање информации, податоци, дозволи, царински формалности и сл. Консултантот не бил обврзан да земе во предвид многу битни стручни – технички предлози од страна на РЕА. Еден битен предлог од РЕА не бил прифатен: енергетско искористување на доводот Горна Белица во Струга со градба на мали хидроцентрали на овој довод.
- Симулираните физички губитоци на вода според главниот проект изнесуваат 30% од 2005 година до 25% во 2025 година. Истото не соодејствува со реалноста, денес фактичката состојба по МЕАП во Охрид и Струга е многу поразлична од очекуваната за Струга – 79% а за Охрид 57% губитоци на вода;
- Во главните задачи на консултанските услуги меѓу другото стои: Хидраулични и статички пресметки; спецификација на потребни материјали, како и хидраулична, механичка и електротехничка и друга опрема; технички услови за испорака на материјалите, како и хидраулична механичка и друга опрема; технички услови за конструктивни и монтажни работи. Главниот проект според ревизијата не содржи ништо од овие предвидени задачи;
- Техничка контрола – ревизија на главниот проект е изведен од правен субјект – институт од Република Македонија, кој издава извештај во кој е содржан заклучок со кој се препорачува инвеститорот да го прифати главниот проект. Но овој даден

заклучок правниот субјект ревидент дополнително ангажиран од МЈП Проаква Струга дава соодветни забелешки;
- Гравитациониот транзитен цевковод од Горна Белица до резервоарот Заграчани не го дава проектираниот проток. Главна причина е поставување на цевки со помал пречник од проектираниот. Споредувајќи ги карактеристиките на изведениот цевковод во однос на предвидениот со проектот, утврдено е дека поставениот цевковод има 50 мм помал надворешен, односно 44 мм помал внатрешен дијаметар од планираниот (површина на попречниот пресек на поставениот цевковод );
- Вградениот цевковод за водоснабдување на селата Долна Белица и Велешта е со намален профил во однос на предвидениот според Главниот Проект. Врз основа на документацијата на МЈП Проаква правниот субјект ревидент утврдил дека за извршените промени на геометриските карактеристики на доводниот цевковод како и промената на материјалот на еден дел од трасата (254мм) од предвидени челични цевки на полиетиленски цевки PE 100 МЈП Проаква не располага со писмен документ за тоа кој дал согласност за тие промени. Евидентниот проблем со постигнување на помал проток од проектираниот проток заради неизбежни грешки при изведбата (помал дијаметар на цевководот, измени на трасата на одредени делници и др.) би можел да се реши со поставување на нов , правилно димензиониран цевковод;
- Радио врската за автоматска работа на пумпите во пумпната станица Шум и резервоарот Заграчани е изведена но не е во функција. Неработењето на радио врската се манифестира со неможност за оптимална работа на пумпите што предизвикува и зголемена потрошувачка на електрична енергија – зголемени трошоци на работењето;
- Најголеми проблеми во изведбата и реализација на проектот е цевководот ф 450 од резервоарот на високо ниво Студенчишта кон средната зона;
- Во пумпните станици Дрвара и Коњско на доводните цевки (пред пумпите) поставени се затворачи со цел намалување на притисокот. Ова е недостаток кој предизвикува зголемена потрошувачка на електрична енергија.

Наведени се и други технички недостатоци утврдени од страна на правниот субјект ангажиран да изврши експертиза/ревизија на квалитетот на изведените работи.

Според податоците од правниот субјект ангажиран за вршење на експертиза/ревизија, во финансискиот дел каде извршиле увид на налозите во сметководствената евиденција за цел период на исплата и тоа од 2002 до 2009 година, констатирано е дека исплатени се 7.189.608 евра на изведувачот при што се јавува пречекорување од договореното во износ од 1.153.778 евра.

6.3. Во финансиските извештаи за Работна Единица Охрид во 2009 година евидентирани се нови градежни објекти во износ од 32.470 илјади денари за кои инвеститор е Општина Охрид а изведувач МЈП Проаква. Градбите се предвидени во Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води и Програмата за изградба на системи за водоснабдување за период од 2009 до 2011 одобрена од Советот на Општина Охрид. За секоја градба поединечно Општина Охрид има склучено договори за изведување на водоводни и канализациони инсталации или линии со МЈП Проаква, меѓутоа во договорите за изведба не е предвидена одредба согласно член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води каде што стои "водоснабдителен и канализационен систем изграден со средства од граѓани, домашни и странски донатори или други корисници, со договор се отстапува на управување на давателот на услугата (јавното претпријатие) и претставува целина на единствениот водоснабдителен и канализационен систем".

6.4. Врз основа на член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал и член 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за постапката за продажба на акциите и уделите што и се издадени на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства, Комисијата за приватизација на Владата на Република Македонија на седницата одржана на 28.03.2006 година донела Одлуки за продажба на акции од државен капитал. Во прилог на Одлуката се наоѓа и список на иматели на кои се запишани акциите, меѓу кои се и 1.329 обични акции запишани на име на МЈП Проаква Струга. Со нетрговски пренос на 25.04.2006 година акциите се префрлени од сметката на МЈП Проаква Струга на Министерството за финансии. Според Известувањето од Централниот депозитар на хартии од вредност од 27.04.2006 година евидентирани се промени кај акциите издадени од Охридска банка АД запишани на име МЈП Проаква Струга и тоа за 1.329 обични акции по номинална вредност од 2.650 денари, продадени преку Македонската берза на хартии од

вредност на 27.04.2006 година од страна на Министерството за финансии. Во текот на 2008 година МЈП Проаква Струга има поднесено тужба заведена во судот под број VII. ТС.бр. 59/08 на износ од 3.522 илјади денари против Министерство за финансии на Република Македонија. По овој предмет одржани се неколку расправи, вештачење и дополнување на вештачењето, но до денот на ревизијата не е завршена постапката.

6.5. Против јавното претпријатие се во тек повеќе судски постапки за неизмирени обврски и тоа:

- Две Тужби од Министерство за финансии на Република Македонија на износ од 93.103 илјади денари и на износ од 30.171 илјади денари по основ на доспеани ненаплатени шестмесечни рати и камата за истите сметано од 18.01.2006 година до 18.01..2010 година по кредитот од ЕБРД кој се сервисира преку Министерството за финансии. За потврдување на обврските, пресметаните камати и степенот на плаќање ревизија обезбеди документирани податоци од страна на Министерството за финансии од кое може да се констатира дека вкупните доспеани обврски по кредитот (главен долг и камата) се подмирени со средства од Буџетот на Република Македонија. Во одговор на тужбените барање МЈП Проаква ги изнесува погоренаведените утврдени состојби во делот на квалитетот на извршените работи и ги приложува дописите по тој основ доставени до надлежните органи;
- Две тужба од ЕВН Скопје за неизмирени обврски и камати по истите и тоа за Работна единица Водовод- Охрид на износ од 19.566 илјади денари и за работна единица Водовод-Струга на износ од 14.545 илјади денари кои се од 2008 година;
- Тужба од ТД Град Црн Дрим за неизмирени обврски и камата по истите на износ од 7.600 илјади денари која тужба е од 2005 година, и
- Тужба од ДПТУ Каз Груп – Скопје по основ на долг и камата по истиот на износ од 5.306 илјади денари која тужба е од 2010.

Имајќи ја во предвид висината на тужбените барања во делот на главниот долг, евентуалните пресметани и признаени камати и досудени трошоци за водење на постапката ќе создаде можност за влошување на солветноста и ликвидноста на претпријатието.

6.6. Во текот на 2007 година заведен е нотарски акт број ОДУ.бр. 241/07 книга втора со кој се констатира дека е составен ПЛАН ЗА ПОДЕЛБА НА ДРУШТВОТО, при што од постојното МЈП Проаква Струга се поделуваат/основаат две нови:

- Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води „Водовод и канализација" – Струга, и
- Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води „Водовод" - Охрид,

со тоа што постојното претпријатие би продолжило да работи со намалена главнина.

До денот на известувањето од извршената ревизија не е извршено запишување во надлежниот регистар, поради оспорување на наведената поделба од страна на Државниот правобранител на Република Македонија.

6.7. Во текот на 2010 година донесени се повеќе акти (Одлуки, записници итн) со кои се врши уредување на меѓусебните односи помеѓу МЈП Проаква Струга и Јавното претпријатие „Нискоградба Охрид" – Охрид по основ на стекнати права и обврски, при што започнувајќи од месец јули 2010 година и двете претпријатија функционираат како посебни правни субјекти; се дава согласност за отстапување на користење основни средства - недвижности од МЈП Проаква Струга на ЈП Нискоградба Охрид; отстапување на подвижни основни средства - машини, транспортни средства, опрема и други основни средства; отстапување - продажба на основни материјални средства, резервни делови за машини и возила и други помошни материјали и согласност за висината на надоместокот од цената на вода и канализација за ЈП „Нискоградба Охрид" – Охрид.

Скопје, 21.03.2011 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 246.264 | 270.067 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | - | 7.417 |
| Останати деловни приходи | 26.099 | 31.066 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **272.363** | **308.550** |
| Залиха на почетокот на периодот | - | - |
| Залиха на крајот на периодот | - | - |
| Материјални трошоци | 77.056 | 93.844 |
| Трошоци за бруто плати | 140.831 | 113.870 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 45.495 | 38.842 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 322 | 498 |
| Резервирања за трошоци и ризици | - | - |
| Останати оперативни трошоци | 34.913 | 46.749 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **298.617** | **293.803** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 12.371 | 386 |
| Приходи од учества на вложувања | - | - |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 7.001 | 12.731 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(20.884)** | **2.402** |
| Вонредни приходи | - | 1 |
| Вонредни расходи | - | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(20.884)** | **2.403** |
| **Данок од добивка** | **-** | **-** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(20.884)** | **2.403** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 1.301 | 1.232 |
| Побарувања по основ на продажба | 421.751 | 397.051 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 139.127 | 103.549 |
| Други краткорочни побарувања | 2.587 | 736 |
| Платени трошоци за идните периоди | 2.845 | 3.217 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 2.735 | 2.676 |
| Залихи | 41.617 | 38.079 |
| **Вкупно тековни средства** | **611.963** | **546.540** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 1.812.461 | 1.779.502 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 3.522 | 3.522 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1.815.983** | **1.783.024** |
| **Вкупна актива** | **2.427.946** | **2.329.564** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 146.458 | 105.938 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 9.850 | 6.354 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 130.269 | 105.582 |
| Останати краткорочни обврски | 171.090 | 129.766 |
| Одложени плаќања на трошоци | 1.136.410 | 1.108.055 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **1.594.077** | **1.455.695** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 160.743 | 179.322 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 625.563 | 625.563 |
| Ревалоризациона резерва | 54.050 | 54.050 |
| Резерви | 11.996 | 11.996 |
| Акумулирана добивка | 6.134 | 2.392 |
| Нето добивка | - | 546 |
| Пренесена загуба | 3.196 | - |
| Загуба за финансиска година | 21.421 | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | **673.126** | **694.547** |
| **Вкупна пасива** | **2.427.946** | **2.329.564** |

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **625.563** | **11.996** | **54.050** | **2.938** | **(3.196)** | **691.351** |
| Уплати на акции | | - | | - | | **-** |
| Добивка за финансиска 2009 година | | | | - | | **-** |
| Распределба на добивката за 2008 година во корист на капиталот и резервите | | | | 3.196 | | **3.196** |
| Загуба за финансиска година | | | | | (21.421) | **(21.421)** |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | | | | | | **-** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **625.563** | **11.996** | **54.050** | **6.134** | **(24.617)** | **673.126** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| | 2009/2008 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(20.884)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 45.495 |
| Приходи од вишоци и поранешни години | 1.257 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 348 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 1.407 |
| **Готовински текови од работење** | **27.623** |
| Побарувања по основ на продажба | (24.700) |
| Побарувања од поврзани субјекти | (35.578) |
| Други краткорочни побарувања | (1.851) |
| Платени трошоци за идните периоди | 372 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (59) |
| Залихи | (3.538) |
| Обврски спрема добавувачи | 40.520 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 3.496 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 24.687 |
| Останати краткорочни обврски | 41.324 |
| Одложени плаќања на трошоци | 28.355 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **100.651** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (82.003) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(82.003)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (18.579) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(18.579)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **69** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **1.232** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **1.301** |

МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ И АТМОСФЕРСКИ ВОДИ НА ОПШТИНИТЕ ОХРИД И СТРУГА И ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО
"ПРОАКВА"
Бр. 03-87/3
09.02 2011 год.
СТРУГА

PROAQUA

# ЗАБЕЛЕШКИ
## по
# НАЦРТ – ИЗВЕШТАЈОТ
## за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година

**Охрид, февруари 2011 година**

–

## НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Во однос на Вашите генерални забелешки и сите препораки кои што ги прифаќаме како сугестии во голем дел на вашите забелешки не е направен комплетен увид на документацијата за да добиете подобра и поверодостојна престава во однос на финансиските извештаи, јавните набавки и усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година за што во нашиов допис ќе добиете поконкретни дообјаснувања во однос на забелешките по сите основи.

**4. Наоди и препораки**

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1.Прифатлива забелешка во однос на превземање на активности за утврдување, проценка и контрола на можни настани и состојби кои може да имаат влијание во остварување на целите на претпријатието/изготвување стратегија за управување со ризици, но точно не се потенцира на кои можни настани се мисли, а за истите да се нема превземено мерки, а би ги пореметило целите на претпријатието.

4.1.2.Во однос на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, се прифаќаат забелешките за почитување на потребните процедури согласно Законот за јавни набавки и Законот за Јавна внатрешна контрола, а со што би се елиминирале можностите од необезбедување фер конкуренција, недискриминација, транспарентност и јавност на набавките.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1.За извршената потрошувачка на гориво и масла водена е месечна евиденција или вкупна евиденција по вид на возила. Исто така при користењето на возила издавани се налози за употреба на возилата од овластен работник. Меѓутоа со оглед дека не се ангажирани професионални возачи и се работи за технолошки возила, истите според покажаната потреба ги возеле различни работници, особено при изненадни интервенции во отстранувањето на дефекти, можни се пропусти од нередовни или неуредно внесувани податоци во налогот на поминати километри.

Од тука е можното отстапување во однос на прикажаната состојба на потрошено гориво и моторни масла во тековната 2009 година.

Преземени активности во отстранување на наведените недостатоци:

Одговорните лица заради отстранување на пропустите презедоа обврска и пропишаа процедура за начинот на користење на службените возила. Обврската за почитување на процедурата се однесува за употреба на сите возила, од било кој вработен, како во меѓуградскиот превоз, така и при локално користење на возилата.

4.2.2 Во врска со забелешките на ревизијата за судскиот предмет со АД Отекс Охрид, од наша страна беше дополнително составен извештај со кој подетално се објаснува целокупната судска постапка која ја водеше МЈП"Проаква"Струга против овој правен субјект, за наплата на пристигнати побарувања по основ на неплатен долг за вода, како и подоцнежното регулирање на обврските кон АД Илинден Струга со средствата остварени од наплатата на побарувањето во овој предмет. Имено, во забелешките на ревизијата стои дека во сметководствената евиденција на претпријатието обврските кон АД Илинден се евидентирани дел во 2007 година, а дел во 2009 година, а се однесуваат на период од 2005 - 2007 година, кога од страна на АД Илинден се изведувале градежни работи по МЕАП проектот. Ова евидентирање не е извршено во бараниот временски период со оглед на фактот дека тогаш АД Илинден веќе повел судски постапки за наплата на своите пристигнати побарувања спрема МЈП"Проаква".

Има и други многу значајни моменти кои не се земени во предвид во контекст на периодот 2005 - 2007 како настани - рекламации, реагирања писмени од страна на МЈП„Проаква“ до сите релевантни институции во однос на сите недостатоци и пропусти склучени со МЕАП проектот:

- првиот рок за завршување на проектот беше 30.09.2004 год., но истиот е пролонгиран за 31.05.2005 год., односно 30.03.2006 год.;
- сертификатите за примопредавање од страна изведувачот и надзорот беа доставени на 13.12.2005год. бр.EBO41/RLS/ms/L945 сертификат за преземање - ЛОТ 1 Струга, на 23.03.2006 год. бр. EBO41/RLS/ms/L993 сертификат за преземање - ЛОТ 2 Охрид со приложена листа на недостатоци;
- **истите сертификати МЈП„Проаква“ не ги прифати со допис.бр.12-17/8 од 29.05.2006 год., испратен до GKW, KFW и ЕБОР, со што МЈП Проаква ги известува дека сертификатите за предавање на комплетните лотови за Охрид и Струга нема да ги прифати се додека системите во Охрид и Струга не профункционираат како што е предвидено според финалниот дизајн и додека не ја постигнат својата функционалност до степен до кој да ги исполнат општите и посебните цели предвидени со проектот, а особено во делот на отстранување на недостатоците при изведбата, за што во прилог на дописот е составена листа на недостатоци;**

  Во истиот допис се наведени сите битни моменти на недостатоци, пропусти и штети кои што ги имаат двата системи и причините за неприфаќањето ( прилог - во дописот )
- допис од **01.06.2006 год.бр.12-17/9** до GKW за враќање на депозит заради задржување на средства како гаранција за сите отстапки од финалниот дизајн и сите недостатоци, и со прилог на дописот во кој не се прифаќаат сертификатите за ЛОТ 1 и ЛОТ 2.

- записник **бр. 12-17/19 од 12.07.2006** год. од состанокот на претставници на KFW банка со Градоначалниците на Охрид и Струга и Единицата за имплементација на проектот на кој се дискутираше за понатамошното користење на останатите средства и услови за нивно користење, и кога KFW банката го продолжи рокот на користење до крајот на 2006 година.
- доставено е дополнително писмо до Министерство за финансии-Сектор за меѓународни финансии на **23.10.2006 бр. 12 - 17/ 31 -2** со кое се бара одговор на претходниот допис при што се потенцира загриженоста за каснењето на проектот и штетите што ги трпи МЈП„Проаква“;
- Во поглед на исплатата на фактурите и камати за задоцнето плаќање кон изведувачот, МЈП Проаква на неколку наврати има испраќано дописи до KFW банката дека претпријатието не може да биде задолжено за исплата, со оглед на фактот дека фактурите, после заверката од страна на консултантот и работодавецот, се исплаќаат од страна на банката, како што е сторено со дописот **12-17/25 од 11.08.2006 година**;
- **Писмо до изведувачот потпишано од страна на надзорот и МЈП„Проаква“ за пролонгирање на гарантниот рок бидејќи не се отстранети сите пропусти и се одложува плаќањето до отстранување на сите дефекти бр.12-44/28 од 16.03.2007година;**
- Записник од состанокот на ЕИП и Директорот одржан на ден 10.11.2007год. со бр**.03-2244/2 од 12.11.2007** година.
- Записник од состанокот на **12.11.2007 год. бр.03-44/2**, на кој се донесени заклучоци за отстранување на сите дефекти од страна изведувачите, и да се обезбедат со банкова гаранција, да ги повлечат сите судски предмети - тужби и да потоа нема дополнителни финансиски оптоварувања;

  На 12.11.2007 година на состанок со претставници на ЕБОР, изведувачот, надзорот и Проаква се договорија околу завршувањето на финансиската конструкција на проектот, како и за мерки кои ќе се преземат за завршување на техничкиот дел на проектот.

  Од техничките мерки, се заменаа 394 м од средната потисна линија и се поправија хлоринаторските постројки.
- допис **бр. 12-44/62 од 08.08.2007год**., за враќање на фактури за исплата на депозит;
- допис **бр. 12-44/64 од 08.08.2007** год. за враќање на финални ситуации за ЛОТ 1 и ЛОТ 2 ;
- допис бр. **12-44/65-3 од 14.08.2007** за средба за разбирање;
- допис бр. **12-44/66 од 24.08.2007** до Министерство за транспорт и врски
- Сектор Европска унија за доставување на податоци за актуелната состојба со МЕАП Проектот.
- записник бр. **12-44/81 од 27.11.2007** год. на ЕИП и Директорот на МЈП„Проаква“ за отпочнување на процедури за испитување материјал до овластена институција;
- допис бр. **12-44/84 од 11.12.2007** год. до конзорциумот за земање мостри од материјалите;
- одговор од конзорциумот бр. **12-44/87 од 12.12.2007** год.;

- допис бр. **12-44/88 од 14.12.2007** год. до конзорциумот за испитување на ПЕ цевки;
- известување **бр.12-44//27/2** за настанати дефекти.

Така, во периодот 2005-2007 беше воспоставена комуникација, и инволвираните страни биле запознати со сите настани и прифатени од истите, до конечно отстранување на недостатоците. Од кои причини KFW банката не ги има исплатено средствата према изведувачите тоа е веќе друг момент на кое ние не можеме да одговориме.

Во поглед на несогласувањата за неизвесност и континуитет и констатациите за признатите побарувања према АД Илинден во 2009 год., а беа обврска на KFW банка е следно:

- Фактурата **ИПЦ 17 од 23.11.2005** на износ од 155,069.00 доставена до KFW за исплата на 24.11.2005 год., и не беше исплатена од KFW од кои причини само надзорот - консултантот го знае и за таа ф-ра АД Илинден покрена постапка за наплата бидејќи должничко доверителниот однос беше помеѓу АД Илинден и МЈП„Проаква“ за да се направи вонсудска спогодба и да се исплати со средства од МЈП„Проаква“.
- Доставеното барање на 18.01.2007 год. за враќање на 50% од ретенциона квота не беше одобрено од страна на МЈП„Проаква“ бидејќи не беа отстранети сите недостатоци во изведбата на МЕАП проектот за што беа известувани сите инволвирани страни и мандатори вклучувајќи го и ресорното Министерство за финансии <u>заради што не беа и прифаќани сертификатите.</u> За вакивте состојби беа информирани сите инволвирани страни: GKW – Г-дин Ричард Сампсон како консултант, KFW – Г-дин Лутке Вестман за ЕБРД, со допис бр.**12-17/8 од 29.05.2006 година**. Во овој допис се наведува дека не се прифаќаат сертификатите за комплетните лотови ЛОТ 1 – Струга и ЛОТ 2 – Охрид, а ќе бидат прифатени кога ќе бидат отстранети сите недостатоци наведени во прилог на наведениот допис, за што консултантот од GKW има обврска да известува поединечно за отстранетите ситуации, а тоа е и обврска согласно тендерската документација и финалниот дизајн, а согласно општите услови од Договорот за проектот за водоснабдување на Струга и Охрид.
- Со писмо до конзорциумот Beb-Емит-АД Илинден **бр. 12-44/88 од 16.03.2007**, пролонгиран е гарантниот рок со цел да се отстранат сите недостатоци. За жал и во тој период не се отстранија истите и на 10.11.2007 одржан е состанок на Единицата за имплемент на проектот со директорот ( прилог бр. 03-44 од 12.11.2007), на кој се донесени заклучоци и дадени насоки на директорот за состанокот со сите вклучени страни во просториите на ЕБРД ( прилог - допис од тој состанок на кој се дефинирани кои недостатоци ќе се елиминираат и кој ќе ги реализира ).

Во наредниот период од кои причини KFW банката, а и пред и после тоа не ги има исплатено тоа е прашање за Г-динот Ричард Сампсон - консултантот. Причината сигурно не е во МЈП„Проаква“ бидејќи во целиот период од 2005 год. до последно МЈП„Проаква“ се однесувала најкоректно и ги известувала сите релевантни фактори за секое отстапување и сите нејзини забелешки биле прифатени од консултантот.

Бидејќи уште во 2008 год. беа отпочнати судски постапки од страна на конзорциумот (АД Илинден ) заради неисплатени обврски како изведувач спрема нарачателот МЈП„Проаква", а KFW банката ги замрзна средствата т.е. не ги исплати , а МЈП„Проаква" односно Единицата за имплементација на проектот и раководниот тим се однесувале согласно договорите и процедурите пропишани согласно тендерската документација до последно, обврските ги подмири МЈП„Проаква" што во сегашната ситуација ја оптовари и ја промени финансиската ликвидност на МЈП„Проаква". Заради сите пропусти и недоследности се направи ревизија на целиот проект и отпочна судска постапка за обештетување на МЈП„Проаква" во износ од 6,300,626.00 ЕВРА наш бр. **03-857/1** од **15.07.2010** година.

Во однос за договорот помеѓу работодавачот и изведувачот за правата и обврските, за жал и МЈП„Проаква" го нема како што нема и голем дел од документацијата од МЕАП Проектот, за што е и констатирано во ревизијата од страна на Технички факултет - Битола.

**Основните цели на проектот за водоснабдување на Охрид и Струга со реализацијата на проектот не се исполнија, па поради тоа не се изврши технички прием, поради сите претходни известувања, а особено дописот од 27.11.2006 година до сите вклучени страни, посебно до KFW и ЕБОР, што беше потврдено и со ревизијата – експертизата од Технички факултет – Битола, за што е информиран Државниот комунален инспекторат , Финансиската полиција и покрената е судска постапка на основ ревизијата наш бр. 03-857/1 од 15.07.2010 година.**

Со претходно презентираните моменти потврдени со прилог документите се надеваме дека се објаснети причините заради кој не се евидентирани во сметководството на МЈП„Проаква" во периодот од 2005-2007 година кога се и случени настаните, а се евидентирани на 06.02.2009 год. по склучување на спогодбата со АД „Илинден".

Во однос на забелешката дека не е извршено фактурирање за извршената продажба/компензација за наведениот недвижен имот а со тоа не е создадена и обврска за ДДВ ја имаме следнава ситуација:

- на **09.07.2008** год. со **бр. 03-2802/2** е склучен договор за отстапување на побарување помеѓу АД„Илинден" и МЈП„Проаква" заради регулирање на меѓусебните побарувања и долгувања.
- **на 30.01.2009** год. со **бр. 03-171/3** потпишан е анекс на договорот за отстапување на побарување со кој побарувањето се трансформира во недвижен имот стекнат со извршните предмети од АД„Отекс".

На основ анексот МЈП„Проаква" доби фактура од АД„Отекс" **бр. 05-1/805** од **01.07.2010** год. која и беше вратена на АД„ Отекс" заради некомплетност со допис **бр. 05-1/805-2 од 05.07.2010год**., да повторно истата биде вратена од страна на АД„Отекс", и да повторно биде вратена од службите на МЈП„Проаква" со допис **бр.05-1/805-3** со дополнителни објаснувања.

Во една ваква ситуација проследување на ф-ра од страна на АД „Отекс" цениме да ф-рата за купување на недвижноста треба да биде комплетна со сите пропратни документи ( имотен лист, дали е оптоварен имотот со хипотека и др. ) за да истата ја проследиме до службите во Локална

самоуправа за проценка и пресметка на Данок на промет на недвижности, за потоа да ја проследиме во агенцијата за катастарско евидентирање да стекниме титулар на сопственост, а потоа да проследиме ф-ра за продажба на недвижност на АД„Илинден", додека обврска по основ ДДВ во конкретнава ситуација е неоснована, бидејќи и претходно во вкупниот износ на побарување на МЈП„Проаква" од АД „Отекс" е вкалкулиран и платен ДДВ. Така да ако имаме една ваква ситуација овој случај сеуште не е завршен во однос на извршената продажба/компензација и МЈП„Проаква" нема никакви тенденции и намери за потценување на обврските по основ ДДВ, Данок на промет, Данок на добивка и било кои други обврски по разни основи према Државата.

4.2.3. Се прифаќаат забелешките и препораките и веќе се превземени мерки и активности со основачите за обезбедување на потребните документи за докажување на сопственоста на градежните објекти и нивно упишување.

4.2.4. Постапено - донесена е Одлука за начин и постапка, за определување наплата по поднесени пријави и приговори од корисниците за дефект на водомер и после водомер, и Одлука за формирање комисија.

## 4.3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

4.3.1. Во врска со непреземените мерки и активности за усогласувања на тужените, сомнителни и спорни побарувања и нивното вредносно усогласување ( деПризнавање и признавање ) по работни единици ја прифаќаме вашата препорака со која надлежните органи на управување и раководење ќе формираат комисија која ќе ја утврди фактичката состојба на побарувањата и ќе изготви извештај и предложи мерки за начинот на постапување и нивно отпишување со оглед на тоа што станува збор за побарувања во вредност од 251.772 илјади денари.

4.3.2. Во врска со вашата констатација на неусогласеност во сметководствената евиденција на РЕ Водовод – Охрид во однос на синтетичката со аналитичката евиденција на побарувањата на купувачи во износ од 8.642 илјади денари уште во текот на вршењето на ревизијата бевте информирани од наша страна дека не беше извршено префрлање на конто 101000(колектор) од аналитиката во побарувањата на физички лица (инкасатори) од страна на надворешните програмери за одржување на системот и при воведување на новиот програмски пакет Luca за имплементација и консолидирање кој го применуваме од 2009 год. Го пропуштиле при преносот на салдата од стариот програм во новиот и уште во истиот момент беше извршена корекција од нивна страна на пренос, што значи останува само износот за побарувања на мира и цара (конто 120600) кои ги има само во синтетика во сметководствената евиденција на износ од 1.538 илјади денари. Пописната комисија го утврди овој износ од 1.538 илјади кој го предлага на седницата што ќе се одржи во врска со пописот на средствата, побарувањата и обврските со 31.12.2010 год. до

органите на Управување за отпишување и со тоа ќе се усогласи синтетичката со аналитичката евиденција со 31.12.2010 година.

4.3.3. Точна е констатацијата на позицијата материјални средства во подготовка во износ од 1.218.404 илјади денари, средства за различни проекти за примарна и секундарна канализација, како и побарувања на водоснабдувањето на двата града.

За констатираните реализирани проекти не е направен технички прием од 10-15 години наназад, односно нема употребна дозвола, со напомена за МЕАП Проектот сертификатите од консултантот задолжен за надзор на работите за завршеток на работите не се прифатени заради констатирани пропусти и отворени постапки, а и мандатот на надзорот ( консултантот ) за издавање на употребни дозволи не се во согласност со позитивните законски регулативи на Република Македонија - сугестија на Државен комунален инспекторат.

Во прилог на оваа забелешка отпочнати се постапки за добивање потребни употребни дозволи односно технички прием, за што се информирани ресорното министерство за транспорт, при што се дадени инструкции и насоки за понатамошни постапки ( прилог допис **бр.10-10806/2** и **бр.10805/2 од 26.11.2010** год. ) на основа кои се доставени барања за формирање комисија до Локалните самоуправи односно Градоначалниците на двете Општини Охрид и Струга ( прилог **бр. 03-3050/1 од 16.12.2010** год.).

Во однос на препораките МЈП„Проаква“- раководниот тим со основачите ( Градоначалниците ) ги имаат преземено сите потребни активности за утврдување на одговорноста на инволвираните страни за утврдените недоследности со извршената експертиза од страна на Техничкиот факултет – Битола односно покрената е судска постапка за претрпените штети, доставени се ревизиите до Финансова полиција при Министерството за финансии на Влада на РМ, како и МВР - Сектор за стопански криминал при УВР – Охрид.

4.3.4. Се прифаќа препораката за пропишување на политики и нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои се има деловна соработка.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

4.4.1.

## I. ПРИЛОГ бр. 1

**Недоследно почитување на одредбите на ЗЈН :**

1.1. Повисока вредност на склучените договори за јавна набавка од износот на средствата потребни за негова реализација,

1.2. Претпријатието не бара гаранција за квалитетно извршување на договорот и

1.3. Не е наведена обврската дека вкупната вредност и вкупната количина не се задолжителни во целост да се реализираат

**ОДГОВОР:**

1.1. Вредноста на договорите е поголема бидејќи во понудата по тендерска документација техничките спецификации добиени од техничките служби содржат во количина максимално потребни материјали:

- Проценети потреби за постоечката водоводна и канализациона мрежа, која е составена од повеќе видови на цевки (пластика,салонит,челична) со разни профили и димензии за Охрид и Струга. За истите реално не е можно да се предвидат потребите, односно колку дефекти би настанале во мрежата.

Евидентно е дека реализираниот износ на набавките од Прилог бр.1 ( Фортуна - Скопје, Каз-Груп - Скопје, Техноскоп - Скопје, Ива Инжинеринг - Велес) е со помала вредност од вредноста на склучените договори и вредноста на Одлуките за јавна набавка но реализираните вредности се во рамките на проценетата вредност по Одлуките за јавни набавки.

1.2. Согласно член 48 од Законот за ЈН " Договорниот орган може да бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно извршување на договорот во вид на банкарска гаранција и тоа задолжително го наведува во тендерската документација".Значи договорниот орган може но не мора да бара гаранција за квалитет. Овој вид на гаранција е опционален за договорниот орган.

1.3. Склучените договори за јавни набавки во 2009 година не содржат клаузула дека вкупната вредност и вкупната количина не се задолжителни во целост.

Согласно склучените договори, испораката на предметот на набавка - материјалите се врши со претходна писмена нарачка од овластено лице во времетраење на договорот од 1 година. Во меѓусебните контакти добавувачите се запознаети со нашите потреби и можноста дека договорот ќе се реализира зависно од потребите.
Секако оваа одредба е поволна, особено во заштита на набавувачот и истата ја согледавме и почнавме да ја применуваме при склучувањето на договорите за јавна набавка во спроведените постапки во 2010 година.Во прилог Ви доставуваме примерок од првиот склучен договор за јавни набавки во 2010 година.

**Превземени активности во отстранување на наведените недостатоци:**

1. Изработката на годишните планови за јавни набавки е врз база на податоци од претходната година и реални потреби за тековната година.Истовремено ги согледуваме недостатоците и пропустите во планирањето,со тенденција да во наредниот период се усогласат планските потреби со реалните.

2. Согласно член 48 од Законот за ЈН барањето на гаранцијата за квалитет е опционално за договорниот орган.

3. Во 2010 година склучените договори за јавни набавки со добавувачите ја содржат, согласно чл. 10 од Законот за облигациони односи, клаузулата дека вкупната вредност и вкупната количина не се задолжителни во целост да се реализираат.
( Прилог: Договор за јавна набавка по отворена постапка бр. 02/2010. со Каз - Груп - Скопје, арх.бр. 03-194/9 од 23.04.2010 година-копие; )

**II. ПРИЛОГ бр. 2**

**Недоследно почитување на одредбите на ЗЈН :**

2.1. Непочитување и непостапување во законски определените рокови за достава на Известување за избор на најповолен понудувач

2.2. Постапката за ЈН за МЕАП проектот не е предвидена во годишниот план за 2008 година

2.3. Со реализација на договорот за јавна набавка е надминат износот на договорот без да се склучи Анекс договор

**ОДГОВОР:**

2.1. Комисијата за ЈН во законски рок од 3 дена има изработено Известување за избор на најповолна понуда, по отворен повик на понудувачот ИВА-Инжинеринг-Велес. Спроведувањето односно доставувањето на Известувањето за избор на најповолна понуда, нај веројатно согледано од оваа временска дистанца е поради тоа што следат неработни денови.Фактички има закаснување од 1 ден (13.06.2008 г.,петок) а веќе на 16.06.2008 година (понеделник) Известувањето за избор на најповолна понуда бр. 04-2357/2 од 16.06.2008г. е доставено.
( Прилог: Решение за избор бр. 04-2357 од 09.06.2008г. и Известување за избор бр. 04-2357/2 од16.06.2008г.).

2.2. Постапката за јавни набавки за ревизија на МЕАП проектот е предвидена со планот за јавни набавки за 2007 година, кога и е отпочната постапката.

Поради поништување на 3 постапки и тоа : Отворена постапка бр. 09/07 со Решение бр.04-1059/2 од 07.03.2008 г. ,а спроведена со Одлука за вршење

јавна набавка - Ревизија на МЕАП проектот бр. 02-2329/5 од 08..11.2007 г. и поради непристигнување на ниту една понуда по Отворена постапка 03/08 спроведена со Решение бр. 04-1176 од 19.03.2008 година, беше спроведена постапка според член 99 од ЗЈН (постапка со преговарање без претходно објавување на оглас) со Решение бр. 04-2719 од 02.07.2008 г. и истата беше поништена со Решение бр.04-3427 од 27.08.2008 г. поради неизбор на понудувач заради штетност на договорот.

Горенаведените постапки се евидентирани во Службена забелешка бр.03-4387/3 од 03.11.2008 г.
( Прилог: Службена забелешка бр. 03-4387/3 од 03.11.2008 г. )

- Решение за поништување на отворен повик бр.09/07, бр.04-1059/2 од 07.03.2008 година
- Записник по отворена постапка 03/08, бр.03-2380 од 10.06.2008 година
- Решение за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка со преговарање без претходно објавување на оглас бр.04-3427 од 27.08.2008 година)

Откако беа исцрпени сите постапки се направија консултации со овластено лице од Бирото за јавни набавки, при што ни беше предложено да стапиме во контакт со научна институција(факултет).
Истото го спроведовме со документ Барање за понуда бр. 03-4387/2 од 03.11.2008 г.

2.3. Вредноста на договорот за јавна набавака на услуги за геодетски работи склучен со "Геопрактика" - Охрид бр. 03-3997/6 од 19.11.2008г., надмината е за 132.000,00 денари,или во проценти искажано за 8% ;
Вредноста на договорот за јавна набавака на горива и моторни масла склучен со " Моби Петрол" - Охрид бр. 03-34348/6-1 од 02.12.2008г., надмината е за 64.000,00 денари,или во проценти искажано за помалку од 1% ;

## III. ПРИЛОГ бр. 3

**Недоследно почитување на одредбите на ЗЈН :**

3.1. Со вкупниот износ од договорот за јавна набавка е надминат планираниот износ од одлуката за јавна набавка, а притоа не е пристапено кон изменување на планот за ЈН за 2009 год.

3.2. Непостапување по одредбите на ЗЈН

3.3. Не е извршена правилна евалуација за избор на најповолен понудувач за лот 2

**ОДГОВОР:**

3.1. Потребите за извршување на услуги за геодетски работи налагаа изработка на техничка спецификација со поголема вредност.Во текот на деловната година се променија потребите за нивна реализација заради непредвидени и објективни околности.

Евидентно е дека реализираниот износ на набавката од Прилог бр.3 за услуги геодетски работи со Геопрактика - Охрид е со помала вредност од вредноста на склучениот договор и вредноста на одлуката за јавна набавка. Реализираната вредност од 77.000,00 денари е во рамките на проценетата вредност во Одлуката за јавна набавка.

3.2. Вредноста на склучениот договор со “Ерва Дургут“ - Охрид, бр.03-11/7 од 12.03.2009 година во износ од 5.199.694,00 денари е во согласност со доставената понуда на понудувачот “Ерва Дургут“- Охрид по отворена постапка бр. 01/2009.
( Прилог: Понуда-Техничка спецификација и Договор за ЈН ).

Износот од 4.526.055,00 денари е вредност на извршени работи согласно завршната ситуација за која е доставена и фактура на истиот износ.

ДРД образецот е доставен до државната ревизија на нивно барање за времетраење на ревизијата.
( Прилог: ДРД образец )******

Понудувачот не понудил вредност на позиција бр. III/1 во техничката спецификација по тендерска документација, бидејќи во истата во колона Единечна мера не е наведена мерната единица и согласно тоа не се бараше односно направена е техничка грешка од теркот на образецот од техничката спецификација што е останат видот на активност.( Прилог: Понуда - Техничка спецификација )

3.3. Комисијата за ЈН согласно доставените понуди - техничката спецификација, колона 3 производител, потекло ги евалуирашае понудите и понудата на “Рандем“ - Струга ја избра за најповолна. ( Прилог: Понуда - Технички спецификации ).

Поради спецификата на предметот на набавка од лот 2 Алати,потрошен материјал за алати и манометри ( чекан, роцангли и сл.), и заради финансиската неможност да се обезбедат оптимални залихи во магацин и веројатната потреба од хитна набавка (во текот на работниот ден) при евалуирањето на критериумот квалитет заради близината на понудувачот Рандем - Струга во однос на понудувачот од Крушево, комисијата за јавни набавки за најповолна ја избра понудата на Рандем - Струга.

## IV. ПРИЛОГ бр. 4

**Недоследно почитување на одредбите на ЗЈН :**

4.1. Извршена набавка на хардвер и софтвер со Ентер - Охрид пред склучување на договор

4.2. Набавката е без спроведена постапка за јавна набавка и склучен договор за јавна набавка

4.3. Набавката е без спроведена постапка за јавна набавка и склучен договор за јавна набавка

4.4. Набавката е без спроведена постапка за јавна набавка и склучен договор за јавна набавка

**ОДГОВОР :**

4.1. Во деловната 2009 година по Отворена постапка 01/07 за набавка на интегриран систем за сметководство и наплата,воспоставување МИС,веб страна (хардвер и софтвер) фактурирана е вредност од вкупно 554.769,00 денари и тоа ф-ри:

-0267/09/01,0268/09/01,0269/09/01,0270/09/01,0271/09/01,

-636/08/01 и 637/08/01 се пресметана вредност за разлика по фактурирано по ф-ра 539/07 од 24.07.07 и ф-ра 315/08 од 14.04.08

Истите се фактурирани по примопредавањето на дел од информациониот систем согласно понудата, за што "Ентер"- Охрид има изработено Записник од технички прием бр. 02-064/09 од 25.03.02009 г., потпишан од овластени лица од двете договорни страни за потпишување на Записникот.

( Прилог: Договор за јавна набавка бр.03-1090/4 од 20.06.2007г.,Фактури, Записник од технички прием бр. 02-064/09 од 25.03.2009 )

Со "Ентер" - Охрид во 2009 година отворени се две постапки:1. Барање за прибирање понуди бр.12/2008 до 5000 евра ,арх.бр. 03-1180/2 од 19.03.2008 година за јавна набавка на услуги за одржување на апликативен софтвер и системско одржување и 2. Барање за прибирање понуди до 5000 евра, бр.18/2008 ,арх.бр. 04-1311/2 од 28.03.2008 година за набавка на резервни делови за одржување компјутери и компјутерска опрема .

Согласно БПП набавката ќе се врши сукцесивно во зависност од потребите на МЈП Проаква - Струга се до искористувањето на вредносниот праг од 5000 евра.

Понудите согласно барањето се однесуваат за количина 1 ( 1 постапка) а набавката е во зависност од укажаната потреба и интервенција во хардверот и софтверот , односно до искористување на вредноста од 5000 евра .

Вредноста на реализираниот износ по договорот за набавка на услуги за одржување на апликативен софтвер и системско одржување изнесува 306.832,00 денари.
(Прилог ф-ра бр. 859/08/01 и ф-ра бр. 389/08/01)

Со избраниот понудувач "Ентер" - Охрид, склучен е Договор за јавна набавка на услуги за одржување на апликативен софтвер и системско одржување бр. 03-1364 од 02.04.2008 година и Договор за набавка на резервни делови за одржување компјутери и компјутерска опрема бр. 03-1363 од 02.04.2008 година кои имаат важност до 02.04.2009 година.

( Прилог:Барање за прибирање понуди 12/2008 и 18/2008 и Договор за јавни набавки бр. 03-1364 од 02.04.2008 година и Договор за јаввна набавка бр.03-1363 од 02.04.2008)

4.2. Врз основа на Решение за јавна набавка бр. 04-1955 од 06.05. 2008 година спроведена е постапка за набавка на градежни материјали и асфалтирање на улици. Понудувачот "Бени Транс" - Струга е избран за најповолен понудувач за набавка на асфалтирање улици со Решение за избор на најповолна понуда бр. 04-2379/3 од 20.06.2008 г.и склучен е Договор за јавна набавка бр.03-3218 од 07.08.2008 г. Согласно член 3 од договорот "Времетраењето на договорот е една година од неговото потпишување.Истиот престанува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој договор ги имаат превземено договорните органи"
Изведувањето и роковите што се предвидени заради објективни околности(временски услови и локација каде се изведувани ) се пробиени и изведувачот има доставено фактури за изведени работи по основ на овој договор во вредност од 329.000,00 денари вон предвидениот рок од една година.

(Прилог: Решение за јавна набавка бр. 04-1955 од 06.05. 2008, Решение за избор на најповолна понуда бр. 04-2379/3 од 20.06.2008 г.и Договор за јавна набавка бр.03-3218 од 07.08.2008 г.)

4.3. Во 2008 година извршена е набавка на спојни делови за брза интервенција и прстени за репарација - MAKSI FIT Адаптер фланши и Maksi FIT Спојки по ф-ра бр. 2-511/09 од 15.05.2009 година во вредност од 440.531,50 денари согласно БПП бр.47 арх.бр. 03-4809/2-3 од 16.12.2008 година и по склучен Договор за јавна набавка бр. 03-4809/5 од 24.12.2008г.во вредност 356.938,79 денари. Заради хитност на набавката надмината е вредноста на набавката.
( Прилог : Решение за набавка бр. 04-4809 од 15.12.2008г., БПП бр.47 арх.бр. 03-4809/2-3 од 16.12.2008 година и Договор за јавна набавка бр. 03-4809/5 од 24.12.2008г.)

Постапката за спојни делови за брза интервенција е спроведена согласно ЗЈН . Со Решение за јавна набавка бр. 03-1343/1 од 26.05.2009г. отворена е постапка бр. 07/2009 за набавка на Спојни делови за брзи интервенции и

прстени за репарација и Спојни делови за електрофузионо заварување. Понудувачот Техноскоп - Скопје со Решение за избор на најповолна понуда бр. 1343/7 од 30.07. 2009 г. е избран за најповолен понудувач за набавка на Спојните делови за брзи интервенции и прстени за репарација и со истиот е склучен Договор за јавна набавка бр. 03-1343/9 од 19.08.2009 г.

( Прилог: Решение за јавна набавка бр. 03-1343/1 од 26.05.2009г , Решение за избор на најповолна понуда бр. 1343/7 од 30.07. 2009 г. и Договор за јавна набавка бр. 03-1343 од 19.08.2009 година ;)

4.4. За потребите на МЈП "Проаква" - Струга , Р.Е. Водовод и канализација - Струга за набавка на услуга : Придружба и обезбедување на вработени лица при вршење контрола на водомери на корисници,наплата и исклучување од водоводна мрежа, со секјурити агенција "ЕУСС'- Боговиње, по спроведена постапка со БПП, склучен е договор бр. 04-1207/6 од 29.06.2009 година во вредност од 307.000,00 денари.

(Прилог: Договор за јавна набавка бр. 04-1207/6 од 29.06.2009 година )

**ЗАКЛУЧОК по препорака од нацрт извештајот за точка 4.4.1:**

Секторот за јавни набавки во целост ги согледа одредените слабости во спроведувањето на постапките за јавни набавки во делот на :

- планирањето на јавните набавки,
- усогласување на склучените договори со Одлуката за јавна набавка и планираниот износ за јавна набавка во Планот за јавни набавки,како и изработка на Анекс договори,
- во договорите за јавни набавки со спроведувањето на постапките во 2010 година веќе е во примена одредбата од Законот за облигациони односи член 10 дека вкупната вредност и вкупната количина не се задолжителни во целост да се реализираат во текот на времетраењето на важноста на договорите,
- Се отпочна со редовно пратење и евидентирање на реализираните набавки по склучени договори со што во нареден период ќе се надминат слабостите во надминување на износот одреден во договорите.

4.4.2.Заради надминување на економско - финансиската состојба во претпријатието и создавање услови за успешно работење се воведоа структурални промени во организирањето и работењето во правец на рационализација и максимално и ефикасно искористување на човечките и кадрови ресурси. Притоа беа изготвени и усвоени сите неопходни акти согласно законските прописи и колективните договори со целосна транспарентност и огласување на актите, соработка со синдикалната организација и информирање на агенцијата за вработување. Со наведените акти опфатени се 36 вработени кои беа со намалена работна способност и намалена продуктивност при што за наредниот период се направија значителни заштеди со намалување на трошоците во работењето.

Во точка 4.4.2. алинеја прва, се наведува дека на работниците за кои престанала потребата од работа со колективниот договор на ниво на работодавач им се дава поголеми права во однос на испратнина од оние што се даваат со Законот за работни односи и Колективниот договор за комунални дејности. Тоа е точно така уредено и така постапено, затоа што дадените права на вработените со закон или општ колективен договор не може да му се намалат односно ускратат со Колективен договор на ниво гранка или работодавач, а можат да му се дадат поголеми права доколку е тоа е уредено со Колективен договор на ниво работодавач или со друг акт на надлежниот орган на работодавачот.

Во алинеја два, се наведува дека за дел од вработените при исплатата на испратнината не е постапено согласно член 97 од Законот за работни односи, член 9 од Законот за исплата на платите и член 68 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

И во овој случај не е постапено во несогласност на одредбите на наведените прописи. Имено, испратнината е утврдена за работниците за кои престанала потребата во поголемо право од она уредено во член 97 од Законот за работни односи, но не во помало. Притоа, неспорно е дека по правило испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос. Но, работниците знаејќи дека работодавачот е во неповолна финансиска состојба ( закаснување со исплата на плата од два до три месеци ) дадоа согласност за исплата на рати, односно сукцесивно што е уредено со договор. Доколку имаше барање односно давање согласност за откажување од правото на испратнина ќе беше спротивно на член 97 став 5 од Законот за работни односи. Членот 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија го уредува надоместокот на име отпремнина при заминување во пензија, додека во конкретниов случај се работи за пакет понуда на име испратнина поради откажување на договорите за вработување од деловни причини и неможноста од исплата на отпремнина при заминување на работникот во пензија. Оттука и вкупно зголеменото право на испратнина од она што е уредено во Законот за работни односи, кое како можност и право го утврдил работодавачот, член 73, став 2 од Колективниот договор на МЈП„Проаква“-Струга: „ Работодавачот во зависност од финансиските можности може да исплати и повисок износ на испратнина од став 1 на овој член.“

Работниците на кои им престанал работниот однос од деловни причини се пријавени во Агенцијата за вработување и своите права ги остваруваат согласно член 68 и останатите одредби од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, односно неговите измени во член 5 од Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ( Сл.весник на РМ бр.161/08 ), според кој работниците остваруваат надоместок од 50% од просечната месечна нето плата на работникот од последните 24 месеци до 12 месеци или првата година , а преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата. Исто така работниците во согласност одредбите од овој закон остваруваат и други права како здравствена заштита и др. до исполнување на условите под кои ги остваруваат овие права.

Во однос на алинеја три, обврските на име испратнина поради откажување на договорот за вработување од деловни причини се пресметани и

утврдени како по работник, така и во вкупен износ но истите несоодветно беа внесени во деловните книги само поради исплатата на испратнината на рати.

Согласно член 472 од Законот за трговски друштва и правилникот за водење на сметководство, одговорните лица за водење на деловните книги, со оглед дека е направена и измена на Одлуката за престанок на работниот однос поради економски, технолошки и структурални промени во работењето, извршија евидентирање и воведување на обврските по основ технолошки промени во деловните книги на јавното претпријатие.

5. **Ревизорско мислење**
   **Мислење – за финансиски извештаи**

Со дополнителните објаснувања и презентирања на дополнителни документи кои се презентирани по точките 4.2.3. и 4.3.3. и нашиов одговор се надеваме дека ќе добиете појасна слика за одделни недоречености и нејаснотии по сите основи во однос на материјално – финансиското работење на МЈП„Проаква" со сиот респект и прифаќање на вашите препораки.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

По согледување на препораките во однос на решавањето на прашањата изнесени во точките 4.2.1.; 4.2.4. ; 4.3.1. ; 4.4.1. и 4.4.2., образложивме дека во добар дел е постапено по препораките ( донесена процедура за користење на возилата, потрошувачка на гориво и масла и поминати километри, донесени се одлуки по однос на сторнирања на побарувања, дадено е поопширно образложение во однос на јавните набавки и доставени прилози и извршено е проценување и воведување на обврските по основ на активностите од воведување на технолошки и структурални промени). Исто така, во однос на препораката по точка 4.3.1. - сомнителни спорни побарувања, ќе се формира комисија која ќе ја утврди фактичката состојба и ќе предложи мерки за начинот на постапување и нивно отпишување.

6. **Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

6.1. Во однос на Вашите констатации во контекст на МЕАП Проектот од 2002 год. за подобрување на водоснабдување на двете Општини Струга и Охрид ( ЛОТ 1 и ЛОТ 2 ) финансиран од средства од грантот во износ од 5,112,918.00 ЕВРА од KFW банка за ЛОТ 1- Струга и ЕБРД кредитот во износ од 3,790,000.00 за ЛОТ 2 – Охрид и договорите за изведбени работи потпишани со конзорциумот ЕМИТ/Beb/АД Илинден односно евидентираните обврски спрема еден од членовите на конзорциумот - АД Илинден во 2009 год. , односно , причините за нивно неевидентирање во период 2005-2007 и недоставување до KFW банката, како и прашањето за зголемениот износ за ЛОТ 2 во однос на договорот за дополнителни 372,609.00 ЕВРА, повеќе од договорот или 3,242,762.00 ЕВРА, би сакале

да Ви дадаме дополнителни објаснувања поткрепени со документи и хронолошки тек на сите настани.

Почеток на проектот според договорот е **11.12.2002**, а крајот според договорот и распоредот 30.09.2004 год., а според одобреното времено продолжување, утврден датум на завршување на проектот беше 31.05.2005година. Одговорен за реализација на целиот проект во функција на надзорен орган со сите ингеренции како консултант беше GKW канцеларијата односно овластеното лице Г-дин Ричард Сампсон. Во името на МЈП„Проаква" тело кое беше овластено да ја прати реализацијата на проектот беше Единицата за имплементација на Проектот која имаше мандат на констатирања, евидентирања и сугерирања во целиот временски период на реализирања на овој проект, без мандат на одлучување, и за жал во однос на другите општини во контекст на МЕАП Проектот ( Струмица , Куманово, Велес и Штип ) Охрид и Струга односно МЈП„Проаква" немаше свој надзорен орган кој ќе има директни ингеренции и со одлучување во текот на реализирањето на проектот.

Целиот период Единица за имплементација на Проектот ( во понатамошниот текст – ЕИП ) на заеднички состаноци ги констатираа пропустите и недостатоците во реализирањето на проектот за што има и записници, дописи кои се конкретни, јасни и доставени до сите релевантни фактори и инволвирани страни во периодот од 2005 година..

Значи првиот рок за завршување на проектот **30.09.2004** год. со одобрено времено завршување е пролонгиран за 31.05.2005 год. Меѓутоа, сертификатите за примопредавање меѓу изведувачот и надзорот за ЛОТ 1 беше доставен на 13.12.2005 год.( писмо бр.ЕВО41/RLS/ms/L945) а за ЛОТ 2 на 23.03.2006год. ( писмо бр.ЕВО41/RLS/ms/L993 ) со прилог листи на преостанати работи што треба да се дозавршат, а тоа значеше уште едно пролонгирање на завршувањето со недозавршени работи кои суштински ја менуваат целта на овој проект.

Во меѓувреме односно на **23.11.2005** е одобрена Ф-ра со бр. ИПЦ 17 на износ од 155,069.00 и потврдена од сите страни и на 24.11.2005 год. доставен е допис до KFW банката за исплата на истата, која што и не е исплатена, и бидејќи работите изведбени беа реализирани а не исплатени АД Илинден поднесе тужба до Основниот суд Струга на 08.06.2007год. со Пбр. 577/07 за наплата, бидејќи должничко доверителниот однос беше помеѓу МЈП„Проаква" и АД Илинден.

Причините за што KFW банката не ја има исплатено наведената ф-ра е прашање за Г-дин Ричард Сампсон кој што беше клучниот фактор за исплата на средствата од грантот од KFW банката и кредитот од ЕБРД банката.

Според договорот, гарантниот период беше 12 месеци и требаше да заврши 23.03.2007 година.

Дали за сите овие пролонгирања на времето на завршување беше виновна МЈП„Проаква" за да ја плати скапо цената на овој проект?

После добивањето на сертификатите беше доставен допис до: GKW – Г-дин Ричард Сампсон, KFW – Г-дин Роналд Грос , ЕБРД – Г-дин Кенји Наказава , со **бр. 12-17/8 од 29.05.2006** год., во кое се наведува експлицитно се додека не се завршат работите во целост и не профункционираат системите согласно финалниот дизајн и се додека не се

постигнат проектираните цели и очекуваните ефекти, нема да бидат прифатени сертификатите за предавање на лотовите за Охрид и Струга, а прифаќањето ќе биде потврдено тогаш кога ќе бидат отстранети сите недостатоци наведени во писмото како и се реализираат останатите нереализирани работи ( прилог писмо **бр.12-17/8 од 29.05.2006година** ). Бидејќи на претходно наведеното писмо не се доби конкретен одговор и немаше никаква реакција проследено е писмо до Министерството за финансии на РМ – Сектор за Меѓународни финансии под **бр. 12-17/31-2 од 23.10.2006 год**., со прилог од претходното писмо, во кое се наведува загриженоста за каснењето на проектот кое не е по вина на МЈП„Проаква" и дека никогаш не се прифатени сертификатите, а МЈП„Проаква" има големи штети, за кои бара надокнада на истите. Истото писмо е проследено до Министерството за транспорт и врски, ЕБРД, KFW, POYRY (поранешен GKW).

На **27.11.2006** год. во просториите на МЈП„Проаква" се одржува состанок помеѓу ЕИП, Директорот , консултантот Ричард Сампсон , и претставници на изведувачот Beb-ЕМИТ-АД Илинден на кој е констатирана актуелната состојба со МЕАП Проектот ЛОТ 1 и ЛОТ 2 ( прилог записник )

На **12.02.2007 год. со бр. 03-268** е изготвен извештај од страна на ЕИП за отстранети недостатоци и констатирани недостатоци кои суштински влијаат за остварување на мерките и целите на проектот ( прилог извештајот )

На **16.03.2007** пролонгиран е гарантниот период потпишан од страна на МЈП„Проаква"и консултантот Г-дин Ричард Сампсон, и истиот допис доставен е до KFW банка и ЕБРД банка ( прилог **бр.12-44/28 од** 16.03.2007год. ).

Во меѓувреме доставено е барање за враќање на ретенционата квота на 18.01.2007год. и истата не е одобрена од МЈП„Проаква". Во вакви услови на недозавршен систем, пролонгирани гарантни рокови, константирани недовршени работи, пропусти во изведбата, договорени а неисполнети работи, неприфатени сертификати, информирани се и запознати сите инволвирани страни, заради што нормално е и неприфаќање на исплатата.

Заради неисплатата АД Илинден поднесе тужба за наплата на истата на **08.06.2007 год. со Пбр.577/07** и **ТС 22/08**, во која беше и делот за финалната ситуација во износ од 105,536.00.

Во исти услови на недовршен систем, неприфатени сертификати, пропусти, дефекти, информирање на сите страни, нормална професионална морална реакција е неприфаќањето и недавањето мандат истите да се исплатат, а и да се евидентираат во периодот од 2005-2007, кога сите активности се пролонгирани имајќи во предвид дека сите страни се запознати со актуелностите и ќе се однесуваат согласно договорите и пролонгирањата.

На **10.11.2007** на состанок на Директор со ЕИП беа дадени насоки од страна на ЕИП за Директорот од состанокот со ЕБРД, изведувачите, консултантот во однос на дозавршувањето на системите, обезбедувањето на МЈП„Проаква", како и реализирање на сите взаемни плаќања, и повлекување на сите тужби од страна конзорциумот ( прилог записник **бр.03-0044/2 од 12.11.2007год.**)

На **12.11.2007** год.во просториите на ЕБРД се одржа состанок на кој беа присутни сите страни и беше прифатен налог за промена на оригиналниот договорен износ односно новиот ревидиран Договорен износ да биде 3,242,762.00 Евра или 372,609.00 Евра повеќе. На истиот состанок беше договорено конзорциумот да продолжи со комплетирање на отстранување на дефектите, со доставување на гаранции за реализирање на истите од страна на конзорциумот и дефинирање на рокови за реализација ( прилог записник од **12.11.2007год.**)

На **14.11.2007год**. Директорот на состанокот со ЕИП ги информира за одржаниот состанок и резултатот од тој состанок, при што ЕИП ја прифати информацијата и му даде подршка во понатамошните активности за довршување на проектот, како и се формира комисија за надзор на наредните активности ( прилог записник **бр.12-44/75 од 16.11.2007 год**.)

На **31.03.2008 год. со бр. 05-1333** до конзорциумот ЕМИТ- Beb-АД Илинден, KFW банка, ЕБРД банка, Министерство за транспорт и врски, Државен комунален инспекторат, и Министерство за финансии, доставен е предмет со фактури според кои очигледно е дека е оштетена МЈП„Проаква" ( прилог **бр. 05-1333 од 31.03.2008 год.**)

Бидејќи во досегашниот период немаше реакција за направените штети од овој проект, а до денес не е направен технички прием на двата системи, во исто време АД Илинден имаше покренато судски постапки за наплата на своите побарувања заради заштита на својот интерес. МЈП„Проаква" отвори постапка за одредување ревизорска куќа за ревизија на МЕАП проектот по сите основи: тендерска документација, материјално финансиско реализирање , техничките отстапки, односно да се утврди дали се постигнати целите на МЕАП Проектот.

После добивањето на ревизорскиот материјал во месец Јули 2010, со тој извештај МЈП„Проаква" поведува судска постапка заради надомест на штета по сите основи направена од страна на изведувачите во вредност од 6,300,626.00 ЕВРА со бр.**03-857/1 од 15.07.2010** година.

Ревизорскиот извештај е доставен и до Финансова полиција при Министерство за финансии, МВР, Сектор за стопански криминал при УВР – Охрид.

Од кои и какви причини KFW банката не ги исплатила неискористените средства во износ од 606,041.00 тоа најдобро го знае банката и консултантот. Договорот за дефинирани права и обврски помеѓу Работодавачот и Изведувачот го нема и во Архивата на МЈП„Проаква" и затоа не е доставен до ревизорите.

Во една ваква ситуација на пролонгирани рокови неприфатени сертификати, недозавршени работи, пропусти, официјални дописи до сите страни кои се инволвирани во целиот период, каде што МЈП„Проаква" ги почитувала сите кодекси на однесување би се евидентирале истите во периодот 2005-2007.

Во целава ситуација причините за неискористување на средствата од грантот од KFW банка се најмалку во МЈП „Проаква", бидејќи во целиот период KFW банка е навремено информирана за сите моменти важни за целата ситуација и директно, а и преку консултантот, а заради што не се искористени е прашање за консултантот Г-дин Ричард Самсон.

Бидејќи сите фактури за извршените работи се директно доставувани до МЈП „Проаква“ како работодавач од страна на изведувачите т.е. АД „Илинден“, по инерција МЈП „Проаква“ е должникот за исплата на истите. Бидејќи АД „Илинден“ како реализатор на извршените работи не си ги наплати своите средства поднесе тужба до Основен суд Струга за наплата на истите ( П бр. 577/07 од 08.06.2007 год.).

Во меѓувреме МЈП „Проаква“ водеше судски спор за наплата на ненаплатени побарувања со АД „Отекс“ со (И бр. 400/2008, И бр. 402/2008 и И бр.444/2008) со кои пресуди имаше право на побарувањата од АД „Отекс“ да ги подмири со една идеална половина на работничка менза со помошни простории во АД „Отекс“. Се со цел да не се запленат финансиски средства од сметките во МЈП „Проаква“ по основ тужбата на АД „Илинден“, се отпочнаа преговори со АД „Илинден“ за подмирување на обврските со извршните предмети од АД „Отекс“ односно со идеалната половина од работничката менза и помошните простории, при што се постигна договор со напомена да останатите активности до добивање на конкретната идеална половина и имотниот лист си ја реализира АД „Илинден“ со сите ризици дали и како сето ќе се реализира. Кога сите овие договарања имаа дефинитивна верзија се пристапи кон реализирање на истите, а со самото тоа и на евидентирањето на обврските према АД „Илинден“ во 2009 год., како и евидентирање на приходите по судски пат од АД „Отекс“ во 2009 год.

За сите овие активности информирани се Управниот одбор на МЈП „Проаква“, двата Совети на Локалните самоуправи во Охрид и Струга, како Основачи од кои е добиен мандат за реализирање на истите активности (прилог бр. 07-205/6 од Струга бр. 07-1935/10 од Охрид, бр. 02-3178/14 од Управен одбор).

Се надеваме дека со едно вакво подетално и поаналитичко објаснување поткрепено со прилог документи се дообјаснува целата ситуација во однос на нагласените прашања во контекст на неизвесноста и континуитетот.

6.5. Во однос на точка 6.5. за судските постапки што се водат против МЈП „Проаква“, и кои би ја влошиле солвентноста и ликвидноста на претпријатието може подетално да се дообјаснат вашите констатации:

- Двете тужби од Министерство за финансии за доспеаните ануитети од страна на ЕБРД, се повикуваме на нашата тужба за претрпените штети од МЕАП проектот, и ќе бараме заштита од нашата Влада во однос на меѓународна арбитража, бидејќи целите на овој проект не се постигнати и бенефитот кој што требаше да го има МЈП „Проаква“ за да може да ги исплатува ануитетите го нема, има обратно штети и дополнителна негатива и тоа е причината заради што МЈП „Проаква“ не е во состојба да ги сервисира доспеаните ануитети.
- Во однос на тужбите од страна на ЕВН во тек е постапка за подмирување на истите во која посредуваат и Локалните самоуправи Охрид и Струга, каде што е договорено со Раководниот тим на ЕВН да овие долгови бидат подмирени со трафостаници кои се сопственост на Охрид и Струга, а ги користи и експлоатира ЕВН.
- Долгот према ТД „Црни Дрим“ за неизмирени обврски индиректно е подмирен преку Фондот за води, кој што ги наплати средствата по истиот основ за кој што ги побарува ТД „Црни Дрим“ со извршен

судски акт. Се надеваме дека судските органи со посредување на Фондот за води ќе наиде вонсудско решение за разрешување на овај спор.

- Према ДПТУ Каз Груп-Скопје, редовно се сервисираат доспеаните обврски.

Така, со реализирање на наведените активности цениме дека нема да дојдеме во ситуација на влошување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието.

* * *

Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 год. дава пресек на состојбите во работењето во МЈП„Проаква“ посебно во спроведените постапки за извршените јавни набавки и финансиско - сметководственото работење со аналитички пристап во примена на соодветните законски прописи. Меѓутоа за целосно согледување на состојбите сметаме дека требаше да се земат на увид и дополнително приложените документи. Исто така во голема мера ќе се подобреше реалната слика снимањето со понепосредна комуникација на тимот односно на неговите членови со одговорните на организационите делови и претставници на стручните служби непосредно ангажирани во извршување на работните обврски.

Уверени сме дека со реалните и содржајни забелешки и сугестии од јавното претпријатие во голема мера ќе се придонесе за поцелосно комплетирање на состојбите од Нацрт - извештајот и оформување на објективна слика и рамка на работењето согласно постојните законски прописи.

Напоменуваме дека дел од препораките веќе се имплементираа во работењето а дел ќе дадат драгоцено искуство во понатамошното работење од страна на одговорните и стручни служби во адекватна примена на соодветните законски прописи.

Охрид, февруари 2011година

Раководители на:
Административно-правен сектор
Зарчева Славица

Финансиско-сметководствен сектор
Ангелеска Билјана

Сектор за Јавни набавки
Старкоски Златко

МЈП„Проаква“ - Струга
Директор
Бранислав Трпчески

**Прилози кон забелешките по Нацрт - извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година**

4.2.2.

1. сертификатите за примопредавање од страна изведувачот и надзорот беа доставени на 13.12.2005год. бр.EBO41/RLS/ms/L945 сертификат за преземање - ЛОТ 1 Струга, на 23.03.2006 год. бр. EBO41/RLS/ms/L993 сертификат за преземање - ЛОТ 2 Охрид ;
2. допис.бр.12-17/8 од 29.05.2006 год;
3. допис од 01.06.2006 год.бр.12-17/9 до GKW;
4. записник бр. 12-17/19 од 12.07.2006 год.;
5. допис - дополнително писмо до Министерство за финансии бр.12-17/31-2 од 23.10.2006 год;
6. допис бр.12-17/25 од 11.08.2006 год;
7. писмо до изведувачот бр. 12-44/28 од 16.03.2007 год;
8. записник од состанокот бр. 03-2244/2 од 12.11.2007 год.;
9. записник од состанокот бр. 03-44/2 од 12.11.2007 год.;
10. допис бр. 12-44/62 од 08.08.2007год., за враќање на фактури за исплата на депозит;
11. допис бр. 12-44/64 од 08.08.2007 год. за враќање на финални ситуации за ЛОТ 1 и ЛОТ 2 ;
12. допис бр. 12-44/65-3 од 14.08.2007 за средба за разбирање;
13. допис бр. 12-44/66 од 24.08.2007 до Министерство за транспорт и врски - Сектор Европска унија за доставување на податоци за актуелната состојба со МЕАП Проектот. ;
14. записник бр. 12-44/81 од 27.11.2007 год. на ЕИП и Директорот на МЈП„Проаква" за отпочнување на процедури за испитување материјал до овластена институција;
15. допис бр. 12-44/84 од 11.12.2007 год. до конзорциумот за земање мостри од материјалите;
16. одговор од конзорциумот бр. 12-44/87 од 12.12.2007 год.;
17. допис бр. 12-44/88 од 14.12.2007 год. до конзорциумот за испитување на ПЕ цевки;
18. известување бр. 12-44/27/2 за настанати дефекти;
19. ф-ра ИПЦ 17 од 23.11.2005 год.;
20. судска постапка наш бр. 03-857/1 од 15.07.2010 година;
21. договор помеѓу АД„ Илинден" и МЈП„Проаква" бр. 03-2802/2 од 09.07.2008год.;
22. анекс на договор бр. 03-171/3 од 30.01.2009год.
23. ф-ра бр. 32 со наш бр.05-1/805 од 01.07.2010 год.
24. вратена ф-ра со допис бр. 05-1/805/2 од 05.07.2010 год.
25. вратена ф-ра со допис бр. 05-1/805/3.

4.3.3.

1. допис бр.10-10806/2 и бр. 10-10805/2 од 26.11.2010 година;
2. прилог бр.03-3050/1 од 16.12.2010 год.

4.4.1.

Прилог бр.1

1. Договор за јавна набавка по отворена постапка бр. 02/2010 со Каз-Груп - Скопје, арх. бр. 03-194/9 од 23.04.2010 година

Прилог бр.2

"Ива Инжинеринг" - Велес

1.Решение за избор бр. 04-2357 од 09.06.2008г. и Известување за избор бр. 04-2357/2 од16.06.2008г.

МЕАП ПРОЕКТ

1.Решение за поништување на Отворе повик бр.04-1059/2 од 07.03.2008 г.
**2.** Записник по отворена постапка бр. 03/08, бр.03-2380 од 10.06.2008 г.
**3.** Решение за поништување на постапка, бр.04-3427 од 27.08.2008 г.

Прилог бр.3

"Ерва Дургут" - Охрид

1. Понуда-Техничка спецификација по тендерска документација
2. Спецификација по завршна ситуација
3. Договор за ЈН бр. 03-11/7 од 12.03.2009г.
4. ДРД образец

"Рандем" - Струга

1. Понуда - Технички спецификации,сертификати

Прилог бр.4

"Ентер" - Охрид

1. Договор за јавна набавка бр.03-1090/4 од 20.06.2007г., Фактури
2. Записник од технички прием бр. 02-064/09 од 25.03.2009г.

1. Барања за прибирање понуди 12/2008 и 18/2008 и Договор за јавни набавки бр. 03-1364 од 02.04.2008 година и Договор за јавна набавка бр.03-1363 од 02.04.2008)
2. ф-ра бр. 859/08/01 и ф-ра бр. 389/08/01

" Бени Транс" - Струга

1.Решение за јавна набавка бр. 04-1955 од 06.05. 2008, Решение за избор на најповолна понуда бр. 04-2379/3 од 20.06.2008 г.и Договор за јавна набавка бр.03-3218 од 07.08.2008 г

Техноскоп" - Скопје

1. Решение за набавка бр. 04-4809 од 15.12.2008г., БПП бр.47 арх.бр. 03-4809/2-3 од 16.12.2008 година и Договор за јавна набавка бр. 03-4809/5 од 24.12.2008г.)

2. Решение за јавна набавка бр. 03-1343/1 од 26.05.2009г , Решение за избор на најповолна понуда бр. 1343/7 од 30.07. 2009 г. и Договор за јавна набавка бр. 03-1343 од 19.08.2009 година ;)

"ЕУСС'- Боговиње, секјурити агенција

1. Договор за јавна набавка бр. 04-1207/6 од 29.06.2009 година

6.1.

1. тужба Пбр. 577/07 и ТС 22/08 од 08.06.2007 год.;
2. извештај бр.03/268 од 12.02.2007 год.;
3. записник бр. 12-44/75 од 16.11.2007 год.;
4. известување со достава на ф-ри бр.05-1333 од 31.03.2008 год.
5. прилог бр. 07-205/6 од Струга, бр. 07-1935/10 од Охрид , 02-3178/14 од УО.

**Одговор на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Меѓуопштинското јавно претпријатие Проаква Струга (во понатамошниот текст јавното претпријатие,) на ден 10.02.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година заедно со ревизија на усогласеност кои се заведени под број 13-184/7 од 10.02.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и истите не ги прифати поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, а во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби со доставување на докази кои во текот на ревизијата биле предмет на разгледување и истите не се доволен и соодветен ревизорски доказ со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Деталните објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение и тоа како што следува:

1. Упатените забелешки од законскиот застапник **на точка 4.1.1.** кои се однесуваат на констатацијата за не превземање активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат **<u>не преставува забелешка</u>** туку известување дека се прифаќа утврдената состојба но се бара потенцирање на можните настани/ризици кои би имале негативно влијание во работењето на субјектот.. Имено, проценката на ризиците и превземањето на потребните активности, лицата задолжени за истите, периодот на имплементација и известувањето за истите е обврска на субјектот, насочени кон остварување на целите на делување на субјектот и минимизирање на ризиците на прифатливо ниво.

2. Упатените забелешки од законскиот застапник **на точка 4.1.2 .** кои се однесуваат на констатацијата за функционорање на системот на интерни контроли во процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, **<u>не претставува забелешка</u>** , туку образложение од страна на субјектот дека

истата ја прифаќа. Законскиот застапник ја прифаќа препораката за почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со што би се елиминирале можностите од необезбедување фер конкуренција, недискриминација, транспарентност и јавност на набавките

3. Упатените забелешки од законскиот застапник **на точка 4.2.1.** кои се однесуваат на начинот на потврдување на потрошувачката на нафтени деривати која се врши без уредна и веродостојна документација односно не секогаш потрошувачката на нафтените деривати се оправдува/потврдува со уредно потполнет и одобрен патен налог со кој ќе се потврди релацијата, активноста и бројот на поминати километри **<u>не претставува забелешка,</u>** туку образложение за причините за таквиот начин на работа како и превземените мерки за надминување на констатираните состојби.

4. Упатените забелешки од законскиот застапник **на точка 4.2.2** кои се однесуваат на констатацијата дека Побарувањата од АД Илинден наведени во Спогодбата во износ од 25.854 илјади денари не се евидентирани во сметководствената евиденција на претпријатието, не е извршено фактурирање за извршената продажба/компензација за наведениот недвижен имот а со тоа не е создадена и обврска за данок на додадена вредност во износ од 3.944 илјади денари **<u>не се прифаќа</u>** поради недоставување на нови докази. Имено субјектот во своите забелешки хронолошки ги елаборира настаните, документацијата, дописите помеѓу учесниците во изградбата на МЕАП проектот “Акциона Програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица , Охрид/Струга “, причините за неприфаќање на обврските како и судската постапка со АД Отекс, причините за евиденција на обврските на МЈП Проаква кон АД Илинден во 2009 година кои документи беа земени во предвид и во текот на извршување на ревизијата. Исто така во својата забелешка субјектот наведува дека е склучениот договор за отстапување на побарувањето помеѓу АД Илинден и МЈП Проаква на ден 09.07.2008 година и Анексот на истиот склучен на 30.01.2009 година во кој побарувањето се трансформира во недвижен имот. Врз основа на овој Анекс субјектот наведува дека добил фактура од АД Отекс на ден 01.07.2010 година која од страна на МЈП Проаква е вратена поради некомплетност. Во текот на ревизијата беше земена во предвид Спогодбата и Анексот на истата и истата е образложена во точка 4.2.2. од Нацрт извештајот. Меѓутоа

недвижниот имот од АД Отекс е добиен во судска постапка за побарувања кои МЈП Проаква ги има од АД Отекс наведени во повеќе Правосилни Пресуди на Основниот Суд Охрид. Дека наведениот деловен простор во судска постапка е предаден во владение на МЈП Проаква Струга и истата требало да го евидентира како во однос на предавањето во владение , така и во однос на неговата продажба на АД Илинден Струга ревизијата ги ценеше и следните документи :

- Решение И.бр. 3992/04 и др. издадено од Основниот суд Охрид на ден 08.05.2008 година со кое решение на доверителот МЈП Проаква Струга му се предава во владение недвижниот имот на Кп.бр. 11182/1 за КО Охрид, а се состои од ресторан за општествена исхрана со помошни простории, кујна за приготвување на храна со помошни простории, комори, магацински простор и ресторан за гости со помошни простории;
- Записник од 16.05.2008 година за усна јавна расправа со која расправа во присуство на претставник од доверителот МЈП Проаква Струга, претставници на судот и двајца сведоци ( поради објективно отсуство на претставници од должникот) наведениот деловен простор записнички е предаден на МЈП Проаква Струга;
- Одлука број 07-1935/10 од 05.08. 2009 година за давање согласност за отуѓување на недвижниот имот донесена од Советот на општина Охрид;
- Одлука број 07-2160/6 од 29.09.2008 година за отуѓување на недвижен имот сопственост на МЈП Проаква Струга донесена од Советот на општина Охрид за продажба на недвижниот имот по пат на јавно наддавање и
- Изјава за компензација заведена под број 05-227 од 10.02.2009 година потпишана од страна на МЈП Проаква Струга и АД Илинден Струга.

Согласно одредбите на член 325 и 326 од Законот за облигациони односи "должникот може да го пребие побарувањето што го има спрема својот доверител со она што овој го побарува од него ако двете побарувања гласат на пари или други заменливи предмети од ист род и ист квалитет и ако двете се стасани." Имајќи го во предвид сето горенаведено во своите забелешки законскиот застапник самиот го оспорува настанувањето на должничко доверителскиот однос па од тука според неговите забелешки самиот ја оспорува легалноста на извршената компензација, односно предавањето на објектот на АД Илинден го третира како начин на плаќање на неговиот долг спрема АД Илинден, а не начин на продажба.

Во однос на забелешката на субјектот по основ на ДДВ дека констатацијата во Нацрт извештајот е неоснована , бидејки и претходно во вкупниот износ на побарувањето на МЈП Проаква од АД Отекс е вклучен и ДДВ **<u>не се прифаќа ,</u>** поради следното:

- Согласно одредбите на член 1 од Законот за данок на додадена вредност истиот како општ потрошувачки данок се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор;
- Предмет на оданочување според одредбите на член 2 од цитираниот закон е прометот на добра и услуги кој се врши со надомест во земјата;
- Во деловите од цитираниот закон каде се наведени даночни ослободувања и олеснувања не е содржана одредбата дека овој промет е ослободен од данок на додадена вредност.

5. Упатените забелешки од законскиот застапник **на точка 4.2.3**. кои се однесуваат на констатацијата за искажаните материјални средства во финансиските извештаи и не добивање на соодветни релевантни ревизорски докази со кои може да се констатира дали имотот кој е евидентиран во сметководствената евиденција е во целосна сопственост на "МЈП Проаква Струга".**<u>не претставува забелешка,</u>** туку образложение од страна на субјектот дека ја потврдува констатацијата утврдена во Нацрт извештајот.

6. Упатените забелешки од законскиот застапник **на точка 4.2.4.** кои се однесуваат за Р.Е. Водовод Охрид и начинот на сторнирање на побарувања од купувачите за направените дефекти **<u>не претставува забелешка</u>** туку образложение од страна на субјектот за преземените мерки по Нацрт извештајот .

7. Упатената забелешка од законскиот застапник **на точка 4.3.1.** која се однесува на начинот на признавање и депризнавање на сомнителните и спорни побарувања **<u>не претставува забелешка</u>** туку образложение дека се прифаќа препораката и дека ќе се постапи по неа.

8. Упатените забелешки од законскиот застапник на констатациите изнесени во **точката 4.3.2.** за неусогласеност на синтетичката со аналитичката евиденција **<u>не се прифаќа</u>** од причини што до денот на ревизијата не е

направено усогласување на состојбите и во забелешките по Нацрт извештајот не е доставен доказ дека се усогласени состојбите .

9. Упатените забелешки од законскиот застапник на констатациите изнесени во **точка 4.3.3.** кои се однесуваат на начинот на презентирање на материјални средства во подготовка во финансиските извештаи **не претставува забелешка** туку образложение од страна на субјектот за причините поради кои истите се уште стојат како материјални средства во подготовка иако се користат и преземени се мерки за обезбедување на потребните акти - одобрение за употреба на одредени градежни објекти.

10. Упатените забелешки од законскиот застапник на **точка 4.3.4** кои се однесуваат за континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правни лица со кои имаат деловна соработка **не претставува забелешка,** туку образложение дека се прифаќа препораката за пропишување на политика за усогласување.

11. Упатените забелешки за недоследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки во **точка 4.4.1,** во делот на **прилозите број 1, 2, 3 и 4, не се прифаќаат,** поради следното:

**Прилог број 1**

Законскиот застапник има наведено причини за состојбите наведени во Прилогот 1 од Нацрт извештајот, а кои се однесуваат на констатациите дека претпријатието не воспоставило контролни активности во делот на усогласување на склучените договори со одлуката за јавна набавка и планираниот износ наведен во Планот за јавни набавки, односно вредноста на склучените договори ги надминуваат вредностите утврдени во одлуката за јавна набавка и планот за јавни набавки како и не обезбедување гаранции за квалитетно извршување на договорот;
Претпријатието не го имало во предвид фактот дека иако реализацијата е помала во однос на вредноста на склучените договори за јавни набавки, сепак претпријатието е должно да постапува согласно член 27 од Законот за јавни набавки во врска со одредбите од Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки.

**Прилог број 2**

Законскиот застапник има наведено причини за состојбите наведени во Прилогот 2 од Нацрт извештајот, а кои се однесуваат на констатациите дека

известувањето за избор на најповолна понуда и склучувањето на договор за јавна набавка не е извршено во законски определениот рок, и дека не е склучен анекс кон основниот договор за јавни набавки поради надмината реализација на основниот договор за јавна набавка. Претпријатието не ги имало во предвид одредбите од членовите 99 и 167 во врска со член 208 од Законот за јавни набавки, со кои се уредува обврската претпријатието да доставува известување за избор на најповолна понуда во рок од три дена од донесувањето на соодветната одлука, и претпријатието не смее да потпише договор за јавна набавка и да пристапи кон негово извршување во рок од 12 дена сметајќи го денот на приемот на известувањето/одлуката. Исто така, доколку со реализацијата на договорите за јавни набавки се надминуваат износите наведени во одлуките за јавни набавки најмногу до 30% поради дополнителни услуги и работи, претпријатието е должно да спроведе постапка за јавни набавки со преговарање без претходно објавување на оглас. Претпријатието во прилог на забелешките го нема доставено соодветениот доказ дека постапката за јавна набавка за ревизија на МЕАП проектот е предвидена во Годишниот план за јавни набавки во 2007 година.

**Прилог број 3**

Законскиот застапник има наведено причини за состојбите наведени во Прилогот 3 од Нацрт извештајот, а кои се однесуваат на констатациите дека Годишниот план за јавни набавки за 2008 година не содржи проценета вредност на договорот; не е извршена измена или дополнување на Годишните планови за јавни набавки за 2008 и 2009 година, во делот на надминување на износите утврдени во планот за јавни набавки и за дел од јавните набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка; и дека не се врши евалуација на понуди во согласност со тендерската документација. Претпријатието не ги имал предвид одредбите од член 27 од Законот за јавни набавки во врска со одредбите од Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки, со кои се уредува дека проценетата вредност на договорот за јавни набавки се пресметува при изготвување на годишниот план на јавни набавки, но истото не е сторено, односно не е извршено изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2009 година. При увид во доказите прилог кон забелешките доставени од претпријатието, констатирано е дека во завршната ситуација има повеќе ставки кои не се предвидени со техничката спецификација/понудата на избраниот понудувач, при што претпријатието нема постапено согласно одредбите од членот 99 од Законот за јавни набавки. Законскиот застапник, исто така нема доставено докази дека

најповолниот понудувач Рандем ДООЕЛ - Струга е избран согласно критериумите за доделување на договори за јавни набавки.

**Прилог 4**

Законскиот застапник ги има образложено само причините за констатираните состојби наведени во Прилогот број 4, а кои се однесуваат на извршени набавки без спроведување на соодветни постапки за јавни набавки, но во прилог на забелешките претпријатието не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од ревизијата. Доставените договори, фактури, записници не претставуваат доказ за оспорување на состојбите утврдени од ревизијата, бидејќи истите ревизијата ги имаше во предвид и ги искористи како критериум за утврдената состојба.

12. Упатените забелешки од законскиот застапник на **точка 4.4.2. к**ои се однесуваат на донесените мерки за воведување на економски, технолошки и структурални промени во работењето, со мерки за решавање на правата на работниците за чија работа престанала потребата во МЈП Проаква кои предизвикале претпријатието да прифати да се одлеваат дел од средствата на име покривање на одредени надоместоци на вработените и покрај тоа што нема законска обврска за тоа **не се прифаќа** од причина што таквиот начин на исплата не е предвидена во одредбите од Законот за работни односи, Колективниот договор за комунални дејности и Колективниот договор на ниво на работодавец. Освен тоа субјектот дава слободно толкување на одредбите од Законот за исплата на плати и Законот за работни односи при што ги поистоветува поимите одење во пензија и технолошки вишок.

13. Упатените забелешки од законскиот застапник на **точка 5** од Нацрт извештајот која се однесува на ревизорското мислењето на финансиските извештаи **не претставува забелешка,** туку образложение дека дополнително дадените образложенија и документи се заради добивање појасна слика за одредени недоречености и нејаснотии по сите основи на материјално финансиското работење.
    Во однос на мислењето за усогласеност со законските прописи **не претставува забелешка** туку образложение за преземените мерки по точките од Нацрт извештајот.

14. Упатените забелешки од законскиот застапник на **точка 6.1.** во однос на констатациите кои се однесуваат на прашањата за неизвесност и континуитет, а се однесуваат на состојбите со МЕАП Проектот **<u>не претставува забелешка</u>** туку дополнително образложение на хронолошкиот тек на сите настани со МЕАП Проектот поткрепено со дополнителни документи, но во исто време не ни се доставени дополнителни докази за промена на констатираните состојби во Нацрт Извештајот. Имено, со истите се потврдува/објаснува констатираната состојба дека на ревизијата не е доставен договорот со изведувачот на МЕАП Проектот каде се дефинирани правата и обврските на изведувачот и работодавецот со образложение дека истиот го нема во архивата на претпријатието. Истовремено, не ни се доставени дополнителни докази т.е. објаснувања од кои причини остануваат неискористени средствата од финансиерот на ЛОТ 1- KFW банката од кои би требало да бидат платени обврските кон изведувачот доколку се признааt во периодот кога настанале, а истовремено се потврдува состојбата дека истите во 2009 година претпријатието ги има признато и платено од сопствени средства. Поголемата вредност на реализација со изведувачот во однос на договорената сума **<u>не претставува забелешка,</u>** туку потврдување на констатираната состојба за што дополнително доставен е анекс на договорот со кој е зголемена вредноста на договорот.

15. Упатените забелешки од законскиот застапник на **точка 6.5**. кои се однесуваат на прашањата за неизвесност и континуитет а се однесуваат на поведените судски постапки против МЈП Проаква **<u>не претставува забелешка</u>** туку образложение на понатамошниот тек на тужбените барања.